РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ
Бр. 21-875/7
04.07. 2019 год.
СКОПЈЕ

# УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

# С Т А Т У Т

Скопје

Јули 2019

**СОДРЖИНА**


**1 ОПШТИ ОДРЕДБИ** .......... **1**

1.1 Универзитет .......... 1
1.2 Назив и седиште .......... 1
1.3 Својство на правно лице .......... 2
1.4 Основна дејност на Универзитетот .......... 2
1.5 Печат, знаци и други обележја .......... 3

**2 НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ** .......... **3**

**3 ДЕЈНОСТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И НА ЕДИНИЦИТЕ ВО РАМКИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ** .......... **4**

3.1 Дејност на универзитетот .......... 4
3.2 Дејност на единиците .......... 5
3.3 Состав на Универзитетот .......... 5
3.4 Придружни членки .......... 6
3.5 Права и обврски на единиците .......... 6
3.6 Статусни промени .......... 7

**4 ОРГАНИ И ТЕЛА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ** .......... **7**

4.1 Универзитетски сенат .......... 7
4.1.1 Постапка за избор, верификација на мандатот и разрешување на членовите на Сенатот .......... 8
4.1.2 Престанок на мандат на член на Сенат .......... 8
4.1.3 Надлежности на Универзитетскиот сенат .......... 9
4.1.4 Претседател на Сенат .......... 9
4.2 Ректор .......... 10
4.2.1 Положба и надлежности на ректорот .......... 10
4.2.2 Пренесување на дел од надлежностите на ректорот .......... 11
4.2.3 Начин и постапка на избор .......... 11
4.2.4 Начин и постапка за предвремен престанок/разрешување .......... 12
4.2.5 Одговорност на ректорот за законитоста и за статутарноста .......... 12
4.2.6 Почесен ректор .......... **Error! Bookmark not defined.**
4.2.7 Проректор .......... 12
4.2.8 Права, должности и одговорности на проректорите .......... 13
4.2.9 Неспојливост на функциите .......... 13
4.3 Ректорска управа .......... 14
4.3.1 Надлежности на Ректорската управа .......... 14
4.4 Одбор на директори .......... 15
4.4.1 Надлежност на Одбор на директори .......... 15
4.5 Други тела на Универзитетот .......... 16

**5 ОРГАНИ И ТЕЛА НА ЕДИНИЦИТЕ ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ** . **18**

5.1 Органи и тела на факултетите и на високите стручни школи .......... 18
5.1.1 Наставно-научен совет, односно Наставнички совет .......... 18
5.1.2 Декан на факултет, односно директор на висока стручна школа и негови надлежности 20
5.1.3 Деканатска управа односно управа на високата стручна школа .......... 23
5.1.4 Организациски единици – катедри .......... 24
5.2 Органи и тела на институтите .......... 24

**6 СТУДЕНТИ И СТУДЕНТСКИ ОРГАНИЗАЦИИ** .......... **24**

6.1 Статус на студентот .......... 24

6.2 Финансирање на студентите ..... 25
6.2.1 Договор за студирање ..... 25
6.3 Права на студентот ..... 25
6.3.1 Права и обврски на студентот ..... 25
6.4 Престанок на статусот на студент ..... 26
6.5 Мирување на студии ..... 26
6.6 Учество на студентите во управувањето ..... 27
6.6.1 Универзитетско студентско собрание ..... 27
6.6.2 Факултетско студентско собрание, односно Студентско собрание на висока стручна школа ..... 28
6.6.3 Услови и постапка на избор во Универзитетско и Факултетско студентско собрание ..... 28
6.6.4 Студентски правобранител ..... 29
6.6.5 Заменик на студентскиот правобранител ..... 29
6.6.6 Други студентски организации ..... 30

**7 ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СТРУЧНО-АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА ..... 30**

**8 АКАДЕМСКА ЗАЕДНИЦА И АВТОНОМИЈА ..... 31**

8.1 Академска заедница ..... 31
8.2 Академска автономија ..... 32
8.3 Академска слобода ..... 32
8.4 Автономија на управувањето ..... 32
8.5 Финансиска автономија ..... 33
8.6 Неприкосновеност на автономијата ..... 33
8.6.1 Забрана за политичко и верско организирање ..... 33
8.6.2 Спречување и заштита од дискриминација ..... 33
8.6.3 Дејства во случај на повреда на автономијата ..... 34
8.6.4 Неповредливост на просторот ..... 34
8.7 Решавање спорови ..... 34

**9 НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАСТАВНО-СТРУЧНИ, НАСТАВНИ, НАУЧНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА ..... 34**

9.1.1 Наставно-научни, наставно-стручни, наставни и научни звања ..... 35
9.1.2 Соработничко звање ..... 35
9.1.3 Демонстратори ..... 36
9.1.4 Афирмираните научници, уметници и стручњаци од практиката ..... 36
9.1.5 Визитинг-професори ..... 37
9.1.6 Редовен професор во пензија ..... 37
9.1.7 Почесен професор и почесен доктор на науки ..... 37
9.1.8 Професор емеритус ..... 37
9.1.9 Платено и неплатено отсуство – (Сабатикал) ..... 38
9.1.10 Право на вршење на дејноста ..... 38
9.1.11 Престанок на работен однос ..... 38

**10 АКАДЕМСКИ ЦЕРЕМОНИИ ..... 39**

**11 ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ – ВИДОВИ И РЕЖИМ НА СТУДИИ ..... 40**

*11.1 Студиски програми* ..... 40
11.1.1 Измена на студиски програми ..... 40
11.1.2 Циклуси на високото образование ..... 41
11.1.3 Достапност на високото образование на Универзитетот ..... 42
11.1.4 Јазик на наставата ..... 42
11.1.5 Права на странските државјани ..... 43

11.1.6 Вреднување на странско образование .... 43
11.2 Програми за стручно и професионално усовршување .... 43
11.3 Посебни можности за студирање .... 44
11.4 Услови и начин за запишување на студии .... 44
11.5 Почеток и завршување на студиска година .... 44
11.6 Начин на оценување .... 45
11.7 Евиденција .... 45
11.7.1 Издавање и одземање на уверение, диплома и додаток на диплома .... 45
**12 ЈАВНОСТ, ОТЧЕТНОСТ, ОДГОВОРНОСТ И ДОВЕРЛИВОСТ .... 46**
12.1 Јавност во работата на Универзитетот .... 46
12.2 Отчетност и одговорност .... 46
12.2.1 Чување доверливи податоци .... 46
**13 ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ .... 47**
**14 ЕВАЛУАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ .... 47**
**15 ДИСЦИПЛИНСКИ ПРАВИЛА .... 48**
**16 ПРЕСТАНОК НА УНИВЕРЗИТЕТОТ .... 48**
**17 ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ .... 49**

Врз основа на член 94, став 1 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), а во согласност со Одлуката за примена на амандманот XXXIII на Уставот на Република Северна Македонија бр. 21-875/3, Универзитетскиот сенат на Универзитет Американ Колеџ Скопје, на седницата одржана на 04.07.2019 година, го донесе следниот

# С Т А Т У Т

**на**

# УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Универзитет**

**Член 1**

Универзитетот Американ Колеџ Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот) е автономна приватна високообразовна установа, која ја сочинуваат факултети, стручни школи и научни институти (во натамошниот текст: единици на Универзитетот).

На Универзитетот може да се основаат и уметнички академии, високи стручни школи и институти во согласност со законот.

Универзитетот обезбедува единство во вршењето и во развојот на високото образование, науката, уметноста непосредно и преку своите единици од различни студиски подрачја и пренесува сознанија од повеќе научни, односно уметнички подрачја и дисциплини.

**Назив и седиште**

**Член 2**

Полниот назив на Универзитетот гласи: Приватна високообразовна установа: „Универзитет Американ Колеџ Скопје – Скопје“.

Скратениот назив на Универзитетот гласи: „Универзитет Американ Колеџ Скопје – Скопје“ или само „УАКС – Скопје“ за секојдневна употреба.

Називот на универзитетот на англиски јазик гласи: University American College Skopje.

Скратениот назив на англиски јазик гласи: UACS – Skopje.

Седиштето на Универзитетот е во Скопје, на бул. „Трета македонска бригада“ бр. 60.

Основач на Универзитетот е: Друштво за менаџмент АКС МЕНАЏМЕНТ ДОО Скопје со седиште на улица „Трета македонска бригада“ бр. 60, Скопје.

**Својство на правно лице**

**Член 3**

Универзитетот има својство на правно лице.

Во правниот промет со трети лица, Универзитетот настапува во свое име и за своја сметка.

За обврските преземени во правниот промет, Универзитетот одговара со својот имот.

Универзитетот може да формира организациски единици за вршење делови од основната дејност во рамките на седиштето или надвор од седиштето на Универзитетот.

Со одлуката за нивно формирање, на организациските единици на Универзитетот може да им бидат пренесени определени права во правниот промет.

Единиците во состав на универзитетот немаат својство на правно лице и настапуваат во правниот сообраќај под називот на универзитетот, според овластувањата определени со овој статут.

По исклучок, единица на универзитетот може да има статус на правно лице доколку е обезбедено нејзино независно финансирање.

**Основна дејност на Универзитетот**

**Член 4**

Основна дејност на Универзитетот е вршење високообразовна, научноистражувачка и применувачка дејност.

Универзитетот врши наставна високообразовна дејност во согласност со студиските програми акредитирани од Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија и во согласност со решенијата за почеток со работа издадени од Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија.

Универзитетот може да врши и образовна дејност во рамките на програмите за професионална едукација што не се акредитирани од страна на Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија. Универзитетот во својата основна високообразовна дејност, освен редовна настава, може да организира и далечинска настава (distance learning).

Основната високообразовна, научноистражувачка и применувачка дејност на Универзитетот, со неговите единици, се изведува во научноистражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација, и тоа првенствено во следните научноистражувачки подрачја:

- ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ НАУКИ: 109 – Математика; 110 – Информатика
- ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ НАУКИ: 201 – Архитектура, урбанизам и планирање; 211 – Индустриско инженерство и менаџмент; и 212 – Комјутерска техника и информатика
- ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ: 503 – Економски науки; 506 – Организациони науки и управување (менаџмент); 507 – Политички науки; 508 – Правни науки; 510 – Психологија; 511 – Социологија; 513 – Статистика
- ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ: 607 – Ликовна уметност; 612 – Наука за книжевноста

Универзитетот може да извршува научна и истражувачка дејност и во други научноистражувачки подрачја, доколку за нив добие акредитација и решение за почеток со работа.

Универзитетот врши високообразовна, научноистражувачка и применувачка дејност и во други подрачја што се во врска со остварувањето на основната дејност.

**Печат, знаци и други обележја**

**Член 5**

Универзитетот има два печата и штембил.

Печат со тркалезна форма, во средината со грбот на Република Северна Македонија и натпис во три редови. Во надворешниот ред стојат називот „Приватна високообразовна установа" и седиштето на Универзитетот – „Скопје", во средниот ред стои називот на Универзитетот – „Универзитет Американ Колеџ Скопје", а во внатрешниот ред стои „Република Северна Македонија". Овој печат се употребува за издавање уверенија, дипломи и додаток на дипломи за степен на стручна подготовка.

Печат со тркалезна форма во кој во средината е грбот на Република Северна Македонија, под грбот на Република Северна Македонија стои број од арапското писмо и натпис во три редови. Во надворешниот ред стојат називот „Приватна високообразовна установа" и седиштето на универзитетот – „Скопје" , во средниот ред стои називот на Универзитетот – „Универзитет Американ Колеџ Скопје", а во внатрешниот ред стои „Република Северна Македонија". Овој печат се употребува за архивското работење на Универзитетот. Во работењето на Универзитетот може да се употребуваат и други печати и нивната употреба подетално се уредува со внатрешните акти на Универзитетот.

Единиците на Универзитетот во своето работење и во настапувањето во правниот промет го користат печатот на Универзитетот.

Штембилот на Универзитетот е правоаголен и на него е испишан следниот текст: Република Северна Македонија, Приватна високообразовна установа, Универзитет Американ Колеџ Скопје број ___,___/___ година, Скопје. Штембилот се употребува за архивското работење на Универзитетот.

**Член 6**

Универзитетот има заштитен знак, знаме, инсигнии и одора.

Заштитниот знак на Универзитетот се употребува на документите, печатените изданија на трудови и слични писмени документи кои ги донесува или се сопственост на Универзитетот, додека знамето, инсигниите и одората на Универзитетот се употребуваат на свечени настани кои ги организира Универзитетот.

Формата и содржината на заштитниот знак, знамето, инсигниите и одората детално се утврдуваат со внатрешни акти на Универзитетот.

## НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 7**

Универзитетот се финансира од следните извори: школарина од студентите, донации, научноистражувачки проекти, консултантска дејност и други приходи.

Почетните финансиски средства потребни за основање на Универзитетот ги вложува основачот на Универзитетот.

Одборот на директори со посебен акт го определува износот на школарината и на другите надоместоци.

**Член 8**

Универзитетот може да доделува стипендии.

Начинот и постапката за доделување стипендии се регулира со посебен акт што го донесува Одборот на директори.

## ДЕЈНОСТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И НА ЕДИНИЦИТЕ ВО РАМКИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

### Дејност на универзитетот

**Член 9**

Универзитетот ги интегрира функциите на своите единици и со своите органи обезбедува усогласено вршење на нивните дејности во согласност со Законот за високото образование, и тоа на следниот начин:

1. ја поврзува научно-наставната дејност со апликативните решенија во практиката врз основа на научни сознанија;
2. иницира и учествува во домашни и во меѓународни проекти поврзани со основната дејност на Универзитетот;
3. воспоставува и одржува соработка и партнерство со: универзитети од земјата и од странство, национални и други академии, бизнис-заедницата, јавни и приватни институти и центри и други домашни и странски субјекти, заради унапредување на високообразовната, на научноистражувачката и на применувачката, односно апликативната дејност;
4. организира конгреси, симпозиуми и други научни, уметнички и стручни собири;
5. организира заеднички студиски програми со домашни и со странски високообразовни установи;
6. организира меѓународни студиски програми и унапредување на меѓународната димензија во високото образование;
7. организира зимски/летни школи и други форми на едукација;
8. организира студии во и надвор од Република Северна Македонија;
9. организира студии за вработени професионалци, кои може да бидат студии од прв и од втор циклус студии или стручни студии, а може да се организираат како редовна настава или настава за вработени (вонредни студии), вклучувајќи и далечинска настава (distance learning);
10. учествува во меѓународни програми;
11. врши трансфер на технологии;
12. разива нови дејности;
13. организира стручна и административна служба;
14. врши издавачка дејност (годишник, студии, периодики и др.);
15. врши библиотечна дејност;
16. основа установи и трговски друштва во согласност со законот и со овој Статут;
17. се грижи и презема мерки за тековно и инвестициско одржување на објектите и на имотот;
18. организира универзитетски центри во согласност со научното подрачје на

единиците во неговите рамки;

19. врши други дејности и работи определени со закон и со овој Статут.

**Дејност на единиците**

**Член 10**

Единицата на Универзитетот во рамките на своите надлежности:

- ги планира остварувањето и развојот на дејностите во рамките на изворните и на пренесените овластувања;
- врши високообразовна, научноистражувачка, применувачка, односно апликативна дејност во една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини, во една или повеќе сродни уметнички области во рамките на Универзитетот и по овластување надвор од Универзитетот, и се грижи за нивниот развој;
- остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи во согласност со овој Статут и со статутот на единиците;
- организира конгреси, симпозиуми и други научни, уметнички и стручни собири, како и теренска настава во земјата и во странство во согласност со овој Статут и со статутот на единиците;
- презема активности во рамките на библиотечно-информациската и документациската дејност на Универзитетот;
- издава уверенија и други документи за завршени студии и други видови образование, според условите утврдени со овој Статут, како и други документи поврзани со статусот на студентот во текот на студирањето;
- предлага и презема мерки за унапредување и за заштита на стандардот на студентите и на вработените;
- остварува различни форми за надградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование;
- разменува научни и стручни услуги и производи со домашни и со странски физички и правни лица;
- обезбедува консултантски услуги;
- се грижи и презема мерки за усовршување на кадарот што изведува високообразовна, научноистражувачка и уметничка дејност, како и за кадарот во стручната и во административната служба;
- реализира домашни и меѓународни проекти;
- врши и други работи утврдени со закон, со овој Статут и со статутот на единиците.

**Состав на Универзитетот**

**Член 11**

Универзитетот формира единици преку кои ја остварува својата дејност, и тоа во рамките на седиштето или надвор од седиштето на Универзитетот.

Во рамките на Универзитетот се формираат следниве единици: факултети, научни институти и високи школи.

Одлука за основање и за престанок на единици донесува Универзитетскиот сенат, по претходно мислење на Одборот на директори, кој ја оценува нивната општествено-економска оправданост.

Со одлуката за формирање, на организациската единица може да ѝ бидат пренесени определени права и овластувања во правниот промет.

Две или повеќе единици на Универзитетот може да се организираат како Универзитетски центар заради остварување и координација на наставно-научната активност, спроведување на научни проекти и друго.

**Член 12**

Универзитетот може да склучи договор со други самостојни високообразовни установи или научни институти за нивно придружно членство во Универзитетот. Условите за вакво членство поблиску се регулираат со посебен договор за соработка.

Универзитетот може самостојно или во соработка со други установи или трговски друштва да формира установи и трговски друштва за извршување апликативна, научна или консултативна дејност.

Универзитетот може да основа и да партиципира во работата на здруженија на граѓани и фондации чија дејност е поврзана со вршењето на основната дејност на Универзитетот.

**Придружни членки**

**Член 13**

Со статус на придружни членки на Универзитетот можат да се стекнат научни институти, други високообразовни установи и други установи и организации, чија основна дејност е функционално поврзана со високообразовната, научната, уметничката и стручната дејност на Универзитетот.

Установите и/или организациите од став 1 на овој член можат да станат придружни членки на Универзитетот под услов да изјават согласност дека ги прифаќаат одредбите од овој Статут и другите општи акти на Универзитетот и ако документирано потврдат дека со нивното дејствување ќе придонесат за остварување и унапредување на дејноста на Универзитетот,

Придружните членки имаат права и обврски активно и постојано да учествуваат и придонесуваат за остварувањето на основната дејност на Универзитетот и неговите единици, да предлагаат решенија за проблеми од доменот на дејноста на Универзитетот и неговите единици, активно да учествуваат во работата на органите и работните тела на Универзитетот и неговите единици, да ги применуваат актите, одлуките и заклучоците на органите на Универзитетот и неговите единици, да го почитуваат дигнитетот на Универзитетот и на достоен начин да ги употребуваат името и обележјата на Универзитетот и неговите единици.

Статусот, правата и обврските на придружните членки на Универзитетот детално се уредуваат со посебен интерен акт на Универзитетот.

**Права и обврски на единиците**

**Член 14**

Единиците на Универзитетот ги имаат следните права:

1. да имаат активно и постојано учество и придонес во остварувањето на дејноста, улогата и задачите на Универзитетот и на единиците;
2. да иницираат прашања и да предлагаат решенија од доменот на дејноста на Универзитетот и на единиците.

Единиците на универзитетот ги имаат следните обврски:

1. да учествуваат активно во работата на органите и на работните тела на Универзитетот и на единиците;
2. да ги реализираат актите, одлуките и заклучоците на органите на Универзитетот и на единиците;
3. да го почитуваат дигнитетот и достојно да ги употребуваат името и обележјата на Универзитетот и на единиците.

**Статусни промени**

**Член 15**

Единиците на Универзитетот може да се спојат, да се поделат или да се присоединат на начин утврден со овој статут и со изменување и дополнување на основачкиот акт на универзитетот.

Единиците може да извршат статусни промени само во рамките на Универзитетот.

Единиците кои се спојуваат продолжуваат да работат како нова единица на универзитетот.

Од единицата која се поделува, ќе продолжат да работат две или повеќе самостојни единици на уннверзитеот.

Единицата која се присоединува, влегува во состав на постојна единица на универзитетот кон која таа се присоединува.

Одлука со која се вршат статусни промени од став 1 на овој член ја донесува сенатот на универзитетот со тајно гласање и со 2/3 мнозинство од вкупниот број на членови, по претходна согласност на наставно-научниот совет на единиците кои пристапиле кон статусни промени и по претходно добиена согласност од Одборот на директори. За давање согласност за статусни промени, наставно-научниот совет одлучува со тајно гласање и со 2/3 мнозинство од вкупниот број на членови. Статусната промена стапува на сила со стапување на сила на измените на измена на актот за основање на универзитетот, на кој се однесува статусната промена.

Ако универзитетскиот сенат донесе одлука за статусна промена, со неа се утврдуваат: статусот и името на единицата или на единиците после извршената статусна промена, начинот на кој студентот ќе ги заврши студиите според студиската програма на која нив ги започнал, правата и обврските на единиците кај кои се извршила статусната промена, пренесувањето и располагањето со соодветната документација и архива на единиците и други прашања од значење за статусната промена.

## ОРГАНИ И ТЕЛА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 16**

Органи и тела на управување на ниво на Универзитетот се следниве:

1. Универзитетски сенат;
2. Ректор;
3. Ректорска управа;
4. Одбор на директори – орган на основачот;

**Универзитетски сенат**

**Член 17**

Универзитетскиот сенат (во натамошниот текст: сенатот) е орган на управување и стручен орган на универзитетот.

Универзитетскиот сенат го сочинуваат претставници од единиците на универзитетот, придружните членки и од Универзитетското студентско собрание, избрани непосредно и со тајно гласање.

Ректорот и проректорите се членови по положба и учествуваат во работата на Сенатот, без право на глас.

Студентите имаат свои претставници во Сенатот избрани од Универзитетското студентско собрание во согласност со законските одредби. Претставниците на студентите сочинуваат најмалку 10 %, но не повеќе од 15 % од членовите на Сенатот.

Во Сенатот секоја единица на универзитетот има еден претставник.

### *1.1.1 Постапка за избор, верификација на мандатот и разрешување на членовите на Сенатот*

**Член 18**

Сенатот го сочинуваат по еден претставник од секоја единица на универзитетот и еден претставник од универзитетското студентско собрание.

Членовите на Сенатот се избираат од наставно-научните совети на факултетите, наставничките совети на високите школи и научните совети на институтите, како и од универзитетското студентско собрание, со непосредно и тајно гласање во согласност со овој статут и ЗВО.

Мандатот на членовите кои се претставници од единиците на Универзитетот, трае четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Мандатот на претставникот на универзитетското студентско собрание трае една година, без право на реизбор.

Седниците на Сенатот ги свикува и со нив раководи Претседателот на Сенатот.

Начинот на свикување и работата на Сенатот поблиску се уредуваат со Деловник на сенатот.

**Член 19**

Во текот на мандатот на членовите на Сенатот може да се изврши и замена на член на Универзитетскиот сенат, на ист начин и постапка како и при избирањето на членовите на Сенатот.

Мандатот на новиот член трае до истекот на мандатот на претходниот член.

**Член 20**

Верификацијата на мандатот на членовите на Сенатот ја врши верификациона комисија од три члена, избрани од редот на Сенатот.

Членовите на верификационата комисија се избираат по предлог на членовите на новоизбраниот Сенат.

**Член 21**

Постапката за избор на членови на Сенатот започнува најмалку шеесет (60) дена пред истекот на мандатот.

Постапката ја поведува претседателот на Сенатот.

### *1.1.2 Престанок на мандат на член на Сенат*

**Член 22**

На член на Сенат му престанува мандатот:

1. ако го отповика единицата што го избрала на начин и постапка како за неговиот избор;
2. ако му престане работниот однос;
3. ако му мирува работниот однос;
4. по негово барање;
5. во други случаи утврдени со закон, со овој Статут и со актите на Универзитетот.

### *1.1.3 Надлежности на Универзитетскиот сенат*

**Член 23**

Сенатот, покрај надлежностите предвидени со Законот за високото образование, ги има и следните надлежности:

- одлучува по жалби кога тоа е утврдено со закон, со овој Статут и со актите на Универзитетот;
- избира членови од својот состав во составот на Интеруниверзитетската конференција, со тајно гласање;
- формира, по предлог на ректорот, комисии, односно работни тела или групи со членови од редот на наставниците и другите членови на единиците и придружните членки, стручната и административната служба на Универзитетот, како и надворешни лица заради проучување прашања и извршување работи значајни за работата и дејноста на Универзитетот. Комисиите и другите работни тела или групи се должни на Сенатот да му поднесат писмен извештај за извршените задачи;
- донесува Одлука за доделување признанија за звање почесен професор, почесен доктор, професор емеритус и почесен ректор;
- врши избор во звање редовен професор;
- избира проректори на Универзитетот;
- врши и други работи утврдени со закон, со овој Статут и со другите акти на Универзитетот.

**Член 24**

Сенатот може да одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови.

Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови (релативно мнозинство).

За прашањата што се однесуваат на изборот на органите на Универзитетот и на изборот на редовните професори, Сенатот одлучува доколку на седниците присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број членови на сенатот, а донесува одлуки со мнозинство од присутните членови (релативно мнозинство).

**Член 25**

Поблиски одредби за начинот на работата на Сенатот се утврдуваат со Деловникот за работа на Сенатот.

### *1.1.4 Претседател на Сенат*

### Положба и надлежности на претседателот на Сенатот
### Член 26

Претседателот на Сенатот се избира од редот на членовите на Сенатот со тајно гласање на седница на Сенатот, по претходно мислење од страна на Одборот на директори.

Претседателот на Сенатот се избира на седница на Сенатот на која присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број членови на Сенатот, а одлуката за избор се донесува со мнозинство од присутните членови (релативно мнозинство).

Претседателот на Сенатот се избира за период од една година со право на повторен избор.

Претседателот на Сенатот ги свикува седниците на Сенатот, го предлага дневниот ред и претседава со седниците на Сенатот.

Претседателот на Сенатот свикува седница на Сенатот најмалку еднаш месечно.

Претседателот на Сенатот е должен на барање на најмалку една петтина од членовите на Сенатот или на барање на ректорот да свика седница на Сенатот.

Доколку претседателот на Сенатот не постапи во согласност со одредбите од ставовите 5 и 6 на овој член, ректорот ја свикува седницата на Сенатот.

Претседателот на Сенатот, во случај на оправдано отсуство, делегира на член од Сенатот право за свикување и за претседавање со седниците на Сенатот.

Претседателот на Сенатот е одговорен за законитоста и за статутарноста на работењето на Сенатот.

Вршењето на должноста претседател на Сенатот е неспојливо со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

**Ректор**

### *1.1.5 Положба и надлежности на ректорот*

### Член 27

Ректорот е раководен орган на Универзитетот.

Ректорот го претставува и застапува Универзитетот во земјата и странство."

Ректорот, покрај надлежностите предвидени со Законот за високото образование, врши и други работи, и тоа:

- предлага Стратегиски план, посебно во доменот на образовната и на истражувачката дејност;
- активно учествува во спроведување на Стратегискиот план на Универзитетот;
- предлага и други акти од областа на наставата;
- ја координира работата на комисиите, работните дела, стручната и административната служба на Универзитетот, раководните тела и наставниот кадар на факултетите и на научните институти, во врска со остварувањето на одлуките и заклучоците на Сенатот и на Ректорската управа што се однесуваат на улогата, задачите и дејноста на Универзитетот утврдени со закон, со овој Статут и со актите на Универзитетот;
- доделува признанија за звање почесен професор, почесен доктор и професор емеритус и почесен ректор.

### *1.1.6 Пренесување на дел од надлежностите на ректорот*

**Член 28**

Ректорот може да овласти еден или повеќе проректори да ги извршуваат работите од доменот на неговата надлежност.

Ректорот може дел од своите овластувања да пренесе и на деканите и на други лица со посебни овластувања.

Лицата на кои ректорот пренесува дел од своите овластувања одговараат за законитоста и за статутарноста во рамките на пренесените овластувања.

### *1.1.7 Начин и постапка на избор*

**Член 29**

Ректорот е раководен орган на Универзитетот.

Ректорот го претставува и застапува Универзитетот во земјата и во странство.

Ректорот се избира од редот на редовните професори со објавување на јавен оглас.

Ректорот се избира за време од три години, со право на уште еден избор.

Ректорот се избира на слободни, непосредни и тајни избори од страна на членовите на наставно-научните научните и наставничките совети на единиците.

Универзитетскиот сенат формира универзитетска изборна комисија составена од седум сенатори, која:

1. Ја цени исполнетоста на условите за избор на ректор и уредноста на пријавата
2. Ја утврдува листата на кандидати на ректор и
3. Ги сумира резултатите од гласањето за избор на ректор.

Секој кандидат за ректор може да овласти набљудувачи на работата на универзитетската изборна комисија.

Наставно-научниот, научниот или наставничкиот совет на единицата избира петчлена комисија која го спроведува гласањето на единицата на универзитетот. Секој кандидат за ректор може да овласти набљудувачи на процесот на гласање на секоја единица на Универзитетот.

Гласањето за ректор се спроведува во ист ден во периодот од 12 до 14 часот на сите единици на Универзитетот.

По завршувањето на гласањето се пристапува кон утврдување на резулатите од гласањето, при што освоениот број гласови на секој кандидат на секоја единица посебно се изразува во проценти од вкупниот број важечки гласови на единицата и се множи со бројот на сенаторите што ги избира единицата, со што се добива бројот на поени што ги освоил секој од кандидатите.

Резултатите од гласањето се испраќаат до универзитетската изборна комисија во рок од два часа од завршувањето на гласањето.

Универзитетска изборна комисија ги сумира резултатите од гласањето на сите единици на Универзитетот, при што за ректор е избран кандидатот кој добил најголем број поени на ниво на Универзитетот, односно чиј збир на поени е најголем откако за секој кандидат поединечно ќе се соберат поените што ги добил на секоја единица посебно.

Постапката за избор на ректор подетално се уредува со посебни акти на Универзитетот.

Ректорот ја врши својата должност професионално и своите права од работен однос ги остварува според договор склучен со Сенатот. Со договорот се уредува и обемот на неговиот ангажман на наставник на единицата од која е избран, кој не може да биде повеќе од 30% од работното време.

Универзитетот има еден или повеќе проректори кои се избираат од редот на професорите од единиците на Универзитетот. Проректорите се избираат на предлог на ректорот, на начин и по постапка утврдена со овој акт.

Вршењето на должноста ректор е нејспојливо со вршењето на друга јавна функција или функција во политичка партија.

### *1.1.8 Начин и постапка за предвремен престанок/разрешување*

**Член 30**

Постапка за предвремено разрешување на ректор може да се отпочне доколку Сенатот или Одборот на директори:

- утврдат потешки прекршувања на Законот за високото образование;
- извештајот за работа на ректорот биде негативно оценет од Сенатот и од Одборот на директори на Универзитетот.

Во случај на предвремен престанок на мандатот на ректорот на Универзитетот, должноста ректор ја врши овластениот проректор.

### *1.1.9 Одговорност на ректорот за законитоста и за статутарноста*

**Член 31**

Ректорот се грижи за законитоста и статутарноста на работата на Универзитетот и на единиците во неговиот состав и има право и должност да запре од извршување, односно да укине акт на нивните органи, за кој смета дека не е во согласност со закон, статут, општ акт или одлука на Универзитетот.

Единицата на Универзитетот чиј акт е укинат, може да поднесе жалба до Сенатот.

Одлуката на Сенатот е конечна.

Во согласност со статутот на Универзитетот ректорот може за непочитување на законот, статутот, општ акт или одлука на Универзитетот да суспендира декан или директор на единица на универзитет и да постави времен вршител на должност декан односно директор на единица на универзитет.

Сенатот во најкус можен рок, а најдоцна во рок од 30 дена од суспендирањето на деканот или директорот на единицата, одлучува за суспензијата на деканот односно директорот на единицата на универзитетот од ставот 3 на овој член. Доколку сенатот ја потврди суспензијата, на деканот односно директорот му престанува мандатот со денот на потврдувањето на одлуката за суспензија.

### *1.1.10 Проректор*

**Услови и постапка за избор на проректор**

**Член 32**

Универзитетот може да има еден или повеќе проректори.

Проректорите се избираат од редот на лицата избрани во наставно-научни и научни звања од единиците на Универзитетот.

Проректорите, по предлог на ректорот, ги избира Сенатот со тајно гласање, за време од три години, со право на повторен избор.

Проректорите може да се именуваат за координирање на наставата и на наставните програми, за научноистражувачка работа, за меѓународна соработка за контрола на квалитети за други значајни области.

На академските церемонии, проректорите имаат место веднаш до ректорот.

### *1.1.11 Права, должности и одговорности на проректорите*

**Член 33**

Проректорите ги извршуваат следните активности:

- преземаат иницијативи и активности од доменот за кој се избрани,
- активно учествуваат во раководењето со Универзитетот преку учество на состаноци на Ректорската управа и на други тела во рамките на Универзитетот,
- ги спроведуваат одлуките и заклучоците на Сенатот што се однесуваат на работи од доменот за кој се избрани.

Поблиски одредби за начинот на работата, правата, должностите и одговорностите на проректорите се уредуваат со актот за именување со кој се утврдуваат правата и обврските на проректорот и со општите и поединечни акти на Универзитетот.

Ректорот на Универзитетот може да пренесе дел од своите овластувања на проректорите, кои одговараат за законитоста на работењето во рамките на надлежностите во согласност со законот и со пренесените овластувања од страна на ректорот.

### *1.1.12 Неспојливост на функциите*

**Член 34**

Вршењето на должноста ректор и проректор е неспојливо со вршењето друга јавна функција или функција во политичка партија.

Одредбите што се однесуваат за ректорот соодветно се применуваат и за проректорот кога е овластен да го заменува ректорот во време на негово отсуство и во сите други случаи предвидени со законот и со овој Статут.

**Ректорска управа**

**Член 35**

Ректорската управа ја сочинуваат ректорот, проректорите, деканите односно директорите на единиците и еден претставник на студентите избран од Универзитетското студентско собрание.

Мандатот на претставникот на студентите трае 1 (една) година, без право на реизбор.

Во работата на Ректорската управа учествуваат генералниот секретар и академскиот координатор, без право на глас.

**Член 36**

Со ректорската управа раководи ректорот.

Ректорот има право да стави вето на одлука на Ректорската управа кога смета дека тоа е од интерес за Универзитетот или доколку таа е во спротивност со законот и со општите и поединечни акти на Универзитетот.

Конечна одлука за спорното прашање донесува Сенатот.

### *1.1.13 Надлежности на Ректорската управа*

**Член 37**

Ректорската управа, покрај надлежностите предвидени со Законот за високото образование:

- разгледува евалуации на академскиот кадар,
- го утврдува академскиот календар,
- утврдува академско-административно оптоварување на академскиот кадар,
- донесува одлука за покана и за ангажирање визитинг-професори од земјата и од странство за изведување настава на прв, втор и трет циклус студии,
- усвојува интегриран распоред за прв и втор циклус студии,
- предлага и усвојува акти на единиците и на Универзитетот од нејзина надлежност,
- предлага и разгледува акти што се предмет на усвојување на Универзитетскиот сенат,
- дава предлог за доделување на звање почесен професор и почесен доктор на науки,
- врши и други работи предвидени со општите и поединечни акти на Универзитетот.

**Член 38**

Во отсуство на ректорот, со Ректорската управа раководи еден од проректорите врз основа на претходно добиено овластување од ректорот.

Ректорската управата може да работи ако на седницата се присутни повеќе од половина од вкупниот број на членови на управата. Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на управата.

Состаноците на Ректорска управа се закажуваат со писмена покана од страна на ректорот.

Во поканата од став 3 на овој член се наведува дневниот ред и времето на одржување на седницата на ректорската управа.

Заедно со поканата од став 3 на овој член, се доставуваат и материјалите кои е предложено да се разгледуваат на седницата на Ректорската управа.

За дискусиите и донесените одлуки на ректорската управа, на седницата се води записник, кој ректорската управа го разгледува и го усвојува на својата следна седница.

Работата на Ректорската управа детално се уредува со Деловник за работа на Ректорската управа."

**Одбор на директори**

**Член 39**

Орган на основачот како орган на управување на Универзитетот е Одборот на директори.

Одборот на директори го именува основачот и се состои од неизвршни директори и извршен директор – провост. Доколку извршниот директор е именуван од редот на основачите, неговиот мандат трае сè додека има статус на основач.

Надлежноста, начинот на работа и првата и обврските на Одборот на директори се определуваат со законот, актот за основање и со овој Статут.

### 1.1.14 *Надлежност на Одбор на директори*

**Член 40**

Одборот на директори на Универзитетот:

- ги усвојува Стратегискиот план на Универзитетот и извештајот за негово спроведување, рпеложен од извршниот диркетор
- дава согласност на Статутот на Универзитетот, кој го донесува Универзитетскиот сенат, а по претходно мислење на министерството надлежно за работите на високото образование;
- дава претходна согласност за изборот на ректор;
- избира директор провост и со него склучува менаџерски договор;
- дава согласност на склучување менаџерски договори на директорот провост со други лица со посебни овластувања;
- одлучува за основање внатрешни административни организациски единици, организации и трговски друштва;
- усвојува годишен финансиски план на Универзитетот и го одобрува годишниот план за работа на Универзитетот, на предлог ан извршниот директор
- го усвојува извештајот за работа на Универзитетот на годишно ниво;
- го усвојува пописот предложен од пописната комисија;
- донесува годишна финансиска пресметка и годишен завршен финансиски извештај на Универзитетот;
- донесува програма за инвестиции на Универзитетот и на единиците во неговиот состав;
- усвојува развоен план, стратегија и други плански акти од повисоко значење;
- го назначува и го разрешува директорот на Универзитетот врз основа на Законот за установи и Законот за високото орбазовение;
- ја утврдува систематизацијата на работните места на Универзитетот;
- одлучува за користење на имотот за вршење на дејноста на Универзитетот;
- одлучува за набавки или оттуѓувања во вредност повисока од 20 000 евра во денарска противвредност;

- ги утврдува критериумите за висината на платите и на другите надоместоци на вработените и носи акти што ги уредуваат овие прашања;
- одлучува во втор степен по жалби против одлуките и решенијата што ги носат органите на Универзитетот;

Одборот на директори одлучува на седници, кои ги свикува претседателот, а во негово отсуство заменикот претседател.

Седниците на Одборот на директори ги подготвува Извршниот Директор.

Извршниот директор провост ги има следниве надлежности:

- раководи со стручната и админстративната служба и ја координира нивната работа;
- дава согласност за именување на почесен ректор;
- врши други работи што со овој Статут не се во надлежност на друг орган;
- врши и други работи во согласност со законот, општите и поединечни акти на Универзитетот;
- директорот провост раководи со деловните, финансиските и административно-техничките работи на Универзитетот;
- надлежностите на директорот провост се предвидени со актот за основање, овој Статут и другите општи и поединечни акти на Универзитетот;
- одлучува за човекови ресурси и други политики и процедури од важност за работењето;
- располага и раководи со финансиите и со другите материјални добра на Универзитетот;
- соработува со ректорот и со деканите;
- ги потпишува документите од надлежност на деловните, финансиските и инвестициските и административно-техничките работи на Универзитетот;
- учествува во процесот на евалуација;
- врши и други работи што ќе му ги довери Одборот на директори;
- врши и други работи во согласност со законот, овој Статут и општите и поединечни акти на Универзитетот;
- Одборот на директори го овластува дитекторот за застапување во доменот на материјалното и финансиското работење, работните односи и слично;
- Одборот на директори може да именува заменик извршен директор.

**Други тела на Универзитетот**

**Деловен совет**

**Член 41**

За да оствари соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и други институции и здруженија на граѓани од подрачјето во кое ја врши високообразовната дејност и научно-истражувачката работа или уметничкото творештво, како и да оствари јавност и одговорност за вршењето на дејноста од јавен интерес, единица на Универзитетот формира факултетски одбор за соработка и доверба со јавноста, односно одбор на високата стручна школа за соработка и доверба со јавноста.

Одборите за соработка и доверба со јавноста на единиците на Универзитетот имаат советодавна улога и во нив членуваат претставници на основачот, релевантни претставници на деловната заедница или нестопанството од делокругот на студиските програми.

Факултетските одбори за соработка и доверба со јавноста се обединуваат во Деловен совет на Универзитетот кој се формира со одлука на Ректорската управа.

Органи на Деловниот совет се:

1. Генерално собрание (на англиски јазик: General Assembly Meeting), кое се одржува на секои две години,
2. Координативно тело на кластер (факултетски одбор за соработка и доверба со јавноста),
3. Одбор на старатели

Ректорската управа именува организации - членки на координативното тело на кластерот.

Координација на факултетските одбори за соработка и доверба врши Деловниот совет.

Деловниот совет го сочинуваат претседател, заменик-претседател и седум члена претставници на организации членки на факултетските одбори за соработка и доверба со јавноста, како и претходниот претседател на Деловниот совет.

Ректорската управа ги предлага членовите на Деловниот совет, а ги избира Генералното собрание на Деловниот совет за период од две години.

Членството во факултетските одбори за доверба и соработка со јавноста се регулира со посебен договор за членство меѓу членовите и Универзитетот.

Дејствувањето, членството, органите, работата и надлежностите на Деловниот совет и на факултетските одбори за соработка и доверба со јавноста подетално се уредуваат со посебен акт на Универзитетот што го донесува Универзитетскиот сенат.

**Школа за докторски студии**
**Член 42**

Школата за докторски студии е тело на Универзитетот што ги координира студиските програми од трет циклус на Универзитетот.

Составот, надлежностите и начинот на работа на Школата за докторски студии се уредуваат со актот за нејзино основање и со други акти на Универзитетот.

**Постојани и повремени комисии**
**Член 43**

Органите и телата на управување на Универзитетот може да формираат постојани и повремени комисии и тела во рамките на своите надлежности, а од области што се однесуваат, но не се ограничуваат на:

- издавачка дејност;
- внатрешна контрола;
- унапредување на квалитетот;
- унапредување на условите за студирање на Универзитетот;
- научноистражувачка работа;
- приговори и жалби;
- дисциплинска одговорност;
- етичко однесување;
- самоевалуација;
- и други области.

Надлежностите на повремените и на постојаните комисии, како и организацијата на нивната работа, се уредуваат со општи и поединечни акти на Универзитетот.

## ОРГАНИ И ТЕЛА НА ЕДИНИЦИТЕ ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 44**

Органи и тела на факултет се следните:

1. Наставно-научен совет;
2. Декан;
3. Деканска управа;
4. Организациски единици – катедри.

Органи и тела на висока стручна школа се следните:

1. Наставнички совет;
2. Директор;
3. Управа на висока стручна школа.

Органи и тела на институт се следните:

1. Научен совет;
2. Претседател на совет.

**Органи и тела на факултетите и на високите стручни школи**

***1.1.15 Наставно-научен совет, односно Наставнички совет***

**Член 45**

Наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет е орган на управување и стручен орган на факултетот, односно високата стручна школа.

Наставно-научниот совет на факултетот го сочинуваат лица избрани во наставно-научно и наставно-стручно звање на факултетот, како и лица избрани во насловни звања и претставници на студентите избрани од Факултетското студентско собрание.

Наставничкиот совет на висока школа го сочинуваат: професорите, вишите предавачи и предавачите. Во наставничкиот совет свои претставници избира и Студентското собрание на високата стручна школа.

Претставниците на студентите сочинуваат најмалку 10 %, но не повеќе од 15 % од вкупниот број на членови на наставно-научниот совет.

Претставниците на студентите во наставно-научниот совет се избираат за време од една година.

**Надлежност на наставно-научниот, односно наставничкиот совет**
**Член 46**

Покрај надлежностите утврдени со закон, наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет:

- донесува програма за научноистражувачка дејност,
- утврдува студиски програми и предметни програми,
- усвојува извештај за работа во согласност со планираните активности,
- формира рецензентски комисии за изготвување реферати за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања,
- соработува со кластерите на Деловниот совет за подобрување на студиските програми и за нивно развивање и дополнување во согласност со потребите на стопанството,

- одлучува за преземање мерки и активности за студенти под посебен режим на студирање,
- одлучува за формирање стручни тела во рамките на факултетот,
- врши други работи во согласност со овој Статут, со општите и поединечни акти на Универзитетот.

**Седници на наставно-научниот, односно наставничкиот совет**
**Член 47**

Седниците на наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет ги свикува и ги раководи деканот, односно директорот, а по исклучок, во случај на оправдано отсуство, продеканот на факултетот, односно заменик-директорот на високата стручна школа.

Седници се свикуваат по иницијатива на деканот, односно директорот, најмалку еднаш месечно. Денот и времето на свикување на седниците се уредува со посебен акт на Универзитетот.

Седници се свикуваат и по барање на Одборот на директори, Универзитетскиот сенат или на барање на 1/3 од членовите на наставно-научниот совет.

Доколку деканот, односно директорот не закаже седница по барање на субјектите од став 3 на овој член во рок од 30 дена, седница свикува претставник на барателот, а со неа раководи продеканот или најстариот наставник.

На седниците на наставно-научниот совет може да учествуваат наставници што предаваат на факултетот во тековниот семестар, а се избрани на другите факултети во состав на Универзитетот, и именувани истакнати стручњаци од практиката што се хонорарно ангажирани во наставата на факултетот, без право на глас.

На седниците на наставничкиот совет може да учествуваат и лица избрани во насловни звања на факултетите на Универзитетот, наставници што предаваат на факултетите на Универзитетот во тековниот семестар, а се избрани на другите факултети во состав на Универзитетот, именувани истакнати стручњаци од практиката што се хонорарно ангажирани во наставата на високата стручна школа и лица избрани во соработнички звања, без право на глас.

На седниците на наставно-научниот, односно наставничкиот совет задолжително присуствува претставник од службата за студентски прашања, без право на глас.

На седниците на наставно-научниот, односно наставничкиот совет се поканууваат и учествуваат во работата ректорот, директорот провост и проректорите, без право на глас.

Бројот на претставниците на студентите и времето за кое се избираат се утврдува со статутот на факултетот, односно високата стручна школа.

Лицата од ставовите 5, 6, 7 и 8 на овој член на седница на наставно-научниот совет, односно на наставничкиот совет ги повикува деканот на факултетот, односно директорот на високата школа.

**Начин на работа и одлучување**
**Член 48**

Наставно-научниот, односно наставничкиот совет полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови. Советот одлучува со јавно гласање.

Наставно-научниот, односно наставничкиот совет, за прашања за кои се одлучува со јавно гласање, може да одлучи да спроведе тајно гласање.

Член на советот што е спречен да присуствува може да даде полномоштие на друг член да гласа во негово име и за негова сметка, што исто така се смета за полноважен глас, или по електронски пат да прати согласност за содржината на дневниот ред.

При изборот во наставно-научни, наставно-стручни, наставни, научни и соработнички звања и демонстратори не учествуваат студентите.

За избор и разрешување на декан, продекан и за избор на сенатори наставно-научниот совет одлучува со тајно гласање.

За избор и за разрешување на директор и на заменик-директор и за избор на сенатори наставничкиот совет одлучува со тајно гласање.

Наставно-научниот, односно наставничкиот совет може да одлучува со присуство на две третини од вкупниот број членови за следните работи од негова надлежност според Законот за високо образование:

- донесување статут на факултетот, односно високата стручна школа,
- избор на декан, односно директор,
- избор на продекан, односно заменик-директор,
- избор на член на Сенатот на Универзитетот,
- донесување програма за научноистражувачка, односно уметничка дејност.

Одлуката за работи од ставовите 5 и 6 се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од присутните членови на советот.

### *1.1.16 Декан на факултет, односно директор на висока стручна школа и негови надлежности*

**Член 49**

Деканот на факултетот е раководен орган.

Деканот го претставува факултетот во земјата и странство во согласност со статутот на Универзитетот и статутот на факултетот.

Деканот, односно директорот сносува одговорност во рамките на своите овластувања утврдени со закон, статут и општите и поединечни акти на Универзитетот, како и за овластувањата што му ги пренел ректорот на Универзитетот.

Деканот, односно директорот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на факултетот, односно високата стручна школа и има право и должност да го запре извршувањето на општ акт за кој смета дека е спротивен на законите и Статутот на Универзитетот и за тоа го известува ректорот, кој донесува одлука за спорното прашање.

Вршењето на должноста декан, односно директор, и продекан, односно заменик-директор, е неспојливо со вршење друга јавна функција или функција во политичка партија.

Покрај правата и обврските предвидени во Законот за високо образование, деканот, односно директорот ги има следните права и обврски:

- да учествува во процесот на раководење со Универзитетот преку учество во Ректорската управа,
- да биде редовно информиран за сите случувања што се релевантни за Универзитетот во целост, како и за факултетот, односно високата стручна школа,
- да распоредува наставници и соработници со цел поефикасно да се изведува наставата,
- да предлага ангажирање на наставници и соработници,
- да учествува во процесот на евалуација на наставниците и на соработниците,

- да предлага унапредување или санкционирање за наставници / соработници на факултетот,
- да изрекува дисциплински мерки кон студентите во согласност со акт со кој се регулира дисциплинската постапка,
- да се грижи за редовно одвивање на наставата на факултетот, односно високата стручна школа со кои раководи,
- да се грижи за изготвување на распоредот и на наставните програми во согласност со актот со кој факултетот, односно високата стручна школа се акредитирани,
- да учествува во подготвување на елаборати за домашна или меѓународна акредитација,
- да организира формирање комисии за спроведување и за евалуирање на клиничката настава што ја изведуваат професори по клиничка настава,
- врши и други работи во согласност со законот, општите и поединечни акти на Универзитетот.

Деканот исто така доделува признанија на студенти што постигнале посебни резултати (деканска листа, cum laude, suma cum laude и magna cum laude).

Деканот, односно директорот е должен најмалку еднаш во годината да поднесе извештај за својата работа до наставно-научниот совет и до ректорот.

Деканот, односно директорот може дел од своите овластувања да пренесе на продеканите, односно на заменик-директорот и на други лица со посебни овластувања и одговорности, со претходна согласност на ректорот на Универзитетот.

### Избор и разрешување на декан, односно директор
### Член 50

Деканот се избира од редот на редовните и вонредните професори на факултетот, а доколку нема редовни и вонредни професори, и од редот на доцентите за време од три години.

Директорот на високата стручна школа се избира од редот на професорите на високата стручна школа, а доколку нема професори, и од редот на вишите предавачи за време од три години, со право на уште еден избор, под условите утврдени со статутот на високата стручна школа, во согласност со овој Статут.

Постапката за избор и за именување на декан, односно директор започнува најмногу шеесет (60) дена пред истекот на мандатот и се одвива на следниот начин:

- Наставно-научниот, односно наставничкиот совет на факултетот, односно високата стручна школа, со мнозинство на гласови од вкупниот број гласови, утврдува еден или повеќе кандидати за декан, односно директор, и му ги доставува на ректорот.
- Врз основа на доставените предлози, а по претходна согласност од Одборот на директори, ректорот именува декан, односно директор на факултетот, односно високата стручна школа.

Именувањето стапува во сила со денот на потврдување на изборот од страна на Универзитетскиот сенат.

Ако во определениот рок факултетот, односно високата стручна школа не избере декан, односно директор, најдоцна во рок од три дена од истекот на мандатот на деканот, ректорот именува привремен вршител на должноста декан, односно директор, по претходно добиена согласност на Одборот на директори.

Мандатот на привремен вршител на должноста декан, односно директор може да трае најмногу шест месеци, при што за привремен вршител на должноста декан, односно директор едно лице може да биде именувано само еднаш.

Привремениот вршител на должноста не може да се кандидира за декан, односно директор додека ја врши функцијата привремен вршител на должноста декан, односно директор.

Најдоцна во рок од триесет (30) дена од денот на завршување на мандатот на именуваниот привремен вршител на должноста, наставно-научниот, односно наставничкиот совет започнува постапка за избор на нов декан, односно директор.

**Престанок на мандат на декан, односно директор**
**Член 51**

Мандатот на декан, односно директор престанува по истекот на периодот на именување.

Мандатот на деканот, односно директорот престанува пред истекот на рокот за кој е избран доколку:

1. поднесе оставка од функцијата за која е избран,
2. настане трајна спреченост за вршење на функцијата,
3. е разрешен од страна на наставно-научниот, односно наставничкиот совет,
4. го разреши ректорот во случај кога резултатите од работењето не соодветствуваат со зацртаните планови и цели, односно е суспендиран од ректорот,
5. Универзитетскиот сенат ја потврди одлуката за суспензија на деканот, односно директорот од страна на ректорот.

Во случај на непочитување на закон, статут, општ акт или одлука на Универзитетот, злоупотреба или пречекорување на овластувањата, ректорот може да суспендира декан, односно директор и да постави привремен вршител во случај кога:

1. деканот, односно директорот не ги спроведува одлуките на органите на Универзитетот;
2. деканот, односно директорот не запре од извршување акт на органите на единицата што е во спротивност со законот, овој Статут, општите акти на Универзитетот и на единицата;
3. ги злоупотреби или ги пречекори овластувањата добиени во согласност со овој Статут и пренесените овластувања од страна на ректорот;
4. во други случаи во согласност со законот и со овој Статут.

Одредбите за престанок на мандат на декан, односно директор важат и за престанок на мандат на продекан, односно заменик-директор.

**Постапка по одлуката за суспензија**
**Член 52**

Доколку ректорот суспендира декан, односно директор и именува вршител на должноста, го образложува случајот на првата наредна седница на Универзитетскиот сенат.

Сенатот во рок не подолг од шеесет (60) дена одлучува за суспензија на деканот, односно директорот.

На седницата на која Сентот одлучува за ова прашање се поканува да присуствува и суспендираниот декан, односно директор.

Сенатот може да ја потврди одлуката на ректорот, со што го разрешува деканот, или да ја отфрли одлуката на ректорот, со што престанува да важи одлуката за супензија.

**Продекан, односно заменик-директор и негови надлежности**

**Член 53**

Продекан, односно заменик-директор се избира за време од три години, со право на уште еден избор.

Деканот, односно директорот предлага кандидат или повеќе кандидати за продекан, односно заменик-директор до наставно-научниот, односно до наставничкиот совет по претходно добиено мислење од ректорот на Универзитетот.

Продеканот, односно заменик-директорот се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на гласови на наставно-научниот, односно наставничкиот совет.

На факултетите може да се избираат продекани за посебни области: за магистерски студии, за научноистражувачка работа, за меѓународна соработка и за други области.

Продеканот, односно заменик-директорот, покрај надлежностите предвидени со закон, во рамките на својата функција:

- ги извршува одлуките и заклучоците на Сенатот, ректорот, Одборот на директори и на советот,
- предлага дневен ред, ги свикува седниците и раководи со седниците и со работата на советот во отсуство на деканот, односно директорот,
- ги воведува новоизбраните наставници и соработници, ги запознава со внатрешните акти на Универзитетот, со начините на оценување, предавање и подготовка на силабус и план за професионална надградба,
- ги промовира дипломираните студенти на соодветниот факултет, односно на високата стручна школа и ги доделува наградите во отсуство на деканот, односно директорот,
- ги одобрува плановите за предметот (Course outline) заедно со главниот академски координатор во отсуство на деканот, односно директорот,
- врши и други работи во согласност со законот, овој Статут и општите и поединечни акти на единицата и на Универзитетот.

Продеканот, односно заменик-директорот сносува одговорност во рамките на своите овластувања утврдени со закон, овој Статут и општите акти на Универзитетот, како и за овластувањата што му ги пренеле деканот на факултетот, односно директорот на високата стручна школа и ректорот на Универзитетот.

### *1.1.17 Деканатска управа односно управа на високата стручна школа*

**Член 54**

Деканатската управа, односно управата на високата стручна школа е орган на управување на факултетот, односно високата стручна школа.

Деканатската управа ја сочинуваат деканот, продеканите и раководителите на внатрешните наставно-научни организациски единици – катедри, избрани на тајни и непосредни избори од страна на членовите на организациските единици за период од три години со право на еден реизбор и најмалку еден член избран од Факултетското студентско собрание.

Управата на високата стручна школа ја сочинуваат директорот, заменикот на директорот и раководителите на внатрешните наставни организациски единици определени со статутот на високата стручна школа, избрани на тајни и непосредни избори од страна на членовите на организациските единици за период од три години со право на еден реизбор и најмалку еден член избран од студентското собрание на високата стручна школа.

Деканот, односно директорот ја свикува и раководи со седниците на управата.

Организацијата, начинот на работа на управата на високата стручна школа, како и бројот и начинот на изборот на претставниците на студентите, поблиску се утврдуваат со статутот на високата стручна школа.

### *1.1.18 Организациски единици – катедри*

**Член 55**

Катедра е организациски облик на факултетот.

Катедрата ја сочинуваат сите предмети и наставници концентрирани околу одредена студиска област, во согласност со Класификацијата на научните полиња и дејности.

Катедрата ги извршува сите функции поврзани со наставата и науката за поединечната област како: координација и разгледување на наставните планови, избор на научни проекти за работа на факултетите и на високите школи, предлози за избори и именувања во звања и други активности во согласност со општите и поединечни акти на Универзитетот.

Шеф на катедра е раководител на катедрата како стручно тело. Деканот именува шеф на катедра за период од 2 години.

Шефот на катедра ги врши функциите на контрола и координација на наставната област што ја раководи, во согласност со општите и поединечни акти на Универзитетот.

Работата и надлежностите на катедрата се уредуваат со статутите на поединечните факултети.

### Органи и тела на институтите

**Член 56**

Органи на управување и раководење на институтот се:

- научен совет, во својство на орган на управување;
- директор, во својство на орган на раководење.

**Член 57**

Универзитетот може да формира институти во својот состав (без својство на правно лице) или да има придружни членки (институти со својство на правно лице).

Научните институти акредитирани за вршење научноистражувачка или/и високообразовна дејност основаат научен совет, кој го сочинуваат лицата избрани во научни и соработнички звања.

Работата и надлежноста на научните институти подетално се уредуваат со нивниот статут, а во согласност со законските прописи од областа на научноистражувачата дејност.

## СТУДЕНТИ И СТУДЕНТСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

### Статус на студентот

**Член 58**

Статусот на студент, а со тоа и член на академската заедница на Универзитетот, се стекнува со запишувањето на прв, втор или трет циклус на студии.

Статусот на студент се докажува со студентска легитимација.

**Финансирање на студентите**

*1.1.19 Договор за студирање*

**Член 59**

По уписот на соодветниот факултет или на високата стручна школа, студентите склучуваат договор за студирање со Универзитетот.

Со договорот за студирање се регулираат правата и обврските меѓу Универзитетот и студентот, висината на школарината и условите за студирање.

**Член 60**

Студирањето е со лично финансирање од студентите.

Личното финансирање се однесува на уплата за:

- уписнина;
- годишна школарина;
- административни трошоци.

Студентот ги сносува и материјалните трошоци за издавање на разни уверенија и потврди, како и за издавање диплома за завршени студии.

Износот на уплатите за лично финансирање и износот на материјалните трошоци детално се регулираат со договорот за студирање и со општите акти на Универзитетот.

**Член 61**

Доколку студентот не освои доволно поени на поединечен предмет утврден со наставната програма за академската година во редовната испитна сесија, истиот испит може да го полага во поправна сесија, доколку тоа е утврдено со студиската програма и со наставниот план.

Доколку повторно не го положи испитот, студентот е должен тој испит да го регистрира во следната академска година или да регистрира друг предмет во негова замена доколку тоа е дозволено во согласност со актите на Универзитетот, за што студентот ги сносува соодветните трошоци.

Начинот и времето на полагање на испитите подетално се уредуваат со актите на Универзитетот.

**Права на студентот**

*1.1.20 Права и обврски на студентот*

**Член 62**

Студентите ги остваруваат правата и обврските предвидени со закон и со овој Статут.

**Член 63**

Студентот, покрај обврските предвидени со закон, ги има и следните должности:

- да се придржува до Статутот и до другите општи акти на Универзитетот и на единиците на Универзитетот,
- редовно да ја посетува наставата и активно да учествува во образовниот процес,
- да се однесува со должна почит кон колегите: студенти, професори и соработници, како и кон администрацијата на Универзитетот,
- задолжително да ја користи идентификациската картичка,
- да ги почитува Етичкиот кодекс, правилата на однесување и другите акти на Универзитетот.

**Член 64**

Студентите без родители, хендикепирани, инвалиди од прва и втора група, студенти мајки со деца до шестгодишна возраст, хоспитализирани лица, крводарители и спортисти имаат право на посебни погодности при студирањето.

Посебните погодности се состојат во:

- приспособување кон режимот на студирање, во рамките на можностите на потребите на лицата наведени во став 1 од овој член ,
- намалување на висината на школарината и други погодности доколку тие се субвенционирани од Владата на Република Северна Македонија или од друг орган.

Правата од ставовите 1 и 2 на овој член студентот ги остварува во обем и според условите утврдени со закон, овој Статут и општите акти на Универзитетот.

## Престанок на статусот на студент

**Член 65**

На студентот му престанува статусот на студент на Универзитетот според условите и постапката утврдени со закон, овој Статут и со општите акти на Универзитетот.

На студентот му престанува статусот студент доколку:

- дипломира,
- се испише од факултетот / високата школа / институтот,
- има прекин во студирањето повеќе од 12 месеци,
- студиите ги стави во мирување подолго од две години или
- е исклучен од факултетот / високата школа / институтот како последица на дисциплинска постапка против него.

Освен во случај на трајно исклучување, статусот на студент може да биде обновен, според условите утврдени со закон, со овој Статут и со општите и поединечни акти на Универзитетот.

Трошоците за обновување на статусот студент ги поднесува студентот.

## Мирување на студии

**Член 66**

Студентот може да ги стави студиите во мирување.

На студентот може да му мирува статусот студент кога за тоа постојат оправдани причини, и тоа:

- породилно отсуство,

- подолготрајна болест,
- економско-социјални проблеми во семејството,
- учество на врвни научни, културни и спортски манифестации и
- други причини наведени со одлука на деканот, односно директорот и ректорот.

Постапката за прекин и за мирување на студиите се уредува со општ акт на Универзитетот.

**Учество на студентите во управувањето**

**Член 67**

Студентите учествуваат во управувањето со високообразовните установи преку претставниците што ги избираат во:

- Универзитетското студентско собрание, Факултетското студентско собрание и студентското собрание на високата стручна школа,
- органите на високообразовните установи во согласност со закон, преку формите на самоорганизирање или
- на друг начин според условите утврдени со закон и со овој Статут.

Учеството на студентите во органите на Универзитетот и на единиците на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа, прашањата за кои рамноправно одлучуваат, бројот, начинот на избор и другите прашања од значење за остварување на нивните права поблиску се уредуваат со овој Статут и статутот на единиците на универзитетот, односно со статутот на самостојната висока стручна школа, а во согласност со одредбите на Законот за високо образование.

**Член 68**

Во рамките на правото на управување студентите:

- донесуваат и остваруваат програма на различни форми и видови на соработка организирани на Универзитетот;
- разгледуваат и даваат мислење за општите акти на Универзитетот и на единиците за прашања што се однесуваат на нивните права и должности;
- избираат свои претставници во органите на Универзитетот;
- расправаат и одлучуваат и за други прашања од интерес на студентите.

### *1.1.21 Универзитетско студентско собрание*

**Член 69**

Универзитетското студентско собрание е тело на Универзитетот во кое членуваат претставници на студентите.

Универзитетското студентско собрание ги штити интересите на студентите, учествува преку свои претставници во одлучувањето во органите и телата на Универзитетот и ги претставува студентите во рамките на високото образование како членови на академската заедница, во согласност со овој Статут.

Универзитетското студентско собрание ги извршува своите надлежности во согласност со Законот за високото образование.

Работата на Универзитетското студентско собрание се финансира со средства од Универзитетот.

Универзитетското студентско собрание има свој статут, кој се донесува по претходна согласност на Универзитетскиот сенат.

### Претседател на Универзитетско студентско собрание
### Член 70

Претседателот на Универзитетското студентско собрание се избира од редот на членовите на Универзитетското студентско собрание на општи непосредни и тајни избори.

За спроведување на изборот на претседател на Универзитетското студентско собрание се формира изборна комисија составена од три (3) члена.

Мандатот на претседателот на Универзитетското студентско собрание трае една година, со право на уште еден избор.

## *1.1.22 Факултетско студентско собрание, односно Студентско собрание на висока стручна школа*

### Член 71

Факултетското студентско собрание, односно Студентското собрание на високата стручна школа е тело на факултетот, односно високата стручна школа во кое членуваат претставници на студентите.

Факултетското студентско собрание, односно Студентското собрание на високата стручна школа има статут, кој студентското собрание го донесува по претходна согласност од наставно-научниот совет на факултетот, односно наставничкиот совет на високата стручна школа.

Заради остварување на правата и заштита на интересите на студентите, студентското собрание ги избира и ги разрешува претставниците на студентите во органите на факултетот, односно високата стручна школа, во согласност со законот, со овој Статут и со статутот на факултетот.

Изборот на членови на студентското собрание се одржува секоја година во термин утврден со статутот на Универзитетското студентско собрание.

### Претседател на Факултетското студентско собрание, односно Студентското собрание на високата стручна школа
### Член 72

Со Факултетското студентско собрание, односно Студентското собрание на високата стручна школа претседава претседател, кој се избира на непосредни и тајни избори.

Претседателот ги извршува одлуките на студентското собрание, ги застапува студентите и студентското собрание и е одговорен за неговата работа.

Изборот на претседателот се одржува секоја година во термин утврден со статутот на Универзитетското студентско собрание.

## *1.1.23 Услови и постапка на избор во Универзитетско и Факултетско студентско собрание*

### Избор на претставници
### Член 73

Универзитетското студентско собрание е составено од двајца (2) претставници на студентите именувани од редот на претставниците избрани во Факултетското студентско собрание, односно Студентското собрание на високата стручна школа.

Именувањето на претставниците во Универзитетското студентско собрание се врши во согласност со статутот на Универзитетското студентско собрание.

Мандатот на членовите на Универзитетското студентско собрание трае една година, со право на уште еден избор.

Во Факултетското студентско собрание по двајца претставници се избираат од секоја студиска програма и од секоја наставна година на конкретниот факултет.

Претставниците во Факултетското студентско собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање.

Мандатот на претставниците и на претседателот на Факултетското студентско собрание трае една година, со право на уште еден избор.

Изборите на членовите, како и на органите на Факултетското студентско собрание се уредуваат со закон и со статутот на факултетот во согласност со овој Статут.

### *1.1.24 Студентски правобранител*

**Член 74**

Заради заштита на правата на студентите, на Универзитетот се избира студентски правобранител, од редот на редовните студенти на Универзитетот.

Мандатот на студентскиот правобранител е 2 години, без можност за реизбор.

Студентскиот правобранител се избира од страна на Универзитетскиот сенат, со мнозинство гласови на членовите на Сенатот, на предлог на Универзитетското студентско собрание на претходно објавен конкурс.

Содржината, времетраењето и начинот на пријавување на конкурсот од став 2 се определуваат со одлуката за распишувањеконкурс, која ја донесува Универзитетскиот сенат.

Постапка за разрешување на студентскиот правобранител може да поведе Универзитетското студентско собрание, а одлука за разрешување донесува Сенатот на Универзитетот, со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

**Надлежност на студентскиот правобранител**
**Член 75**

Студентскиот правобранител постапува по поднесок од страна на студент или по сопствена иницијатива доколку увидел дека е повредено право на студент од страна на органите на Универзитетот или друг член на академската заедница на Универзитетот. Органите на високообразовната установа се должни да постапат по укажувањата на студентскиот правобранител.

За својата работа, студентскиот правобранител поднесува годишен извештај до Сенатот на Универзитетот.

Надлежноста, условите за избор, постапката за избор и разрешување и работата на студентскиот правобранител се утврдуваат со акти на Универзитетот, на неговите единици и на студентското собрание.

Со општ акт на Универзитетот се утврдува посебна постапка за пријава на дискриминација во работењето на студентскиот правобранител.

### *1.1.25 Заменик на студентскиот правобранител*

**Член 76**

На секоја единица на Универзитетот се избира заменик на студентскиот правобранител, кој го избира Факултетското студентско собрание по претходно објавен конкурс, од редот на редовните студенти.

Мандатот на заменикот на студентскиот правобранител е 2 години, без можност за реизбор.

Постапка за разрешување на заменикот на студентскиот правобранител може да поведат членовите на Факултетското студентско собрание, студентскиот правобранител или 1/10 од вкупниот број студенти запишани во моментот на факултетот на кој е избран заменикот на студентскиот правобранител.

За разрешување на заменикот на студентскиот правобранител одлучува Факултетското студентско собрание.

**Надлежност на заменикот на студентскиот правобранител**
**Член 77**

Заменикот на студентскиот правобранител постапува по поднесок од страна на студент и по сопствена иницијатива доколку увидел дека е прекршено право на студент од страна на органите на факултетот или друг член на академската заедница на факултетот. Органите на факултетот се должни да постапат по укажувањата на заменикот на студентскиот правобранител.

За својата работа заменикот на студентскиот правобранител поднесува годишен извештај до студентскиот правобранител и до наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет.

### *1.1.26 Други студентски организации*

**Член 78**

Други студентски организации што може да се формираат на Универзитетот се:

- Организација на поранешни студенти (на англиски јазик: Alumni Association),
- Организација на студенти што се примени во почесното здружение „Делта му делта“ или други почесни организации со кои Универзитетот е поврзан,
- Студентската организација „Еразмус“ – Erasmus Students Network,
- Организација на студенти членки на професионални студентски организации, вклучително, но без ограничување на AIESEC, IAESTE, AEG и други,
- други видови студентски организации.

**Член 79**

Условите за членство во организациите од член 83, како и начинот на нивното работење и другите прашања поврзани со нивното функционирање се уредуваат со посебни акти на Универзитетот.

## ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СТРУЧНО-АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА

**Член 80**

Стручно-административната служба на Универзитетот ја сочинуваат:

- Главен академски координатор;
- Генерален секретар;
- Сектор за студентски прашања;
- Сектор за меѓународна соработка;
- Сектор за комуникации и маркетинг;

- Сектор за финансиско работење, планирање и финансиска анализа;
- Сектор за информатичка и компјутерска технологија;
- Библиотека и издавачка дејност;
- Служба за студентски прашања;
- Центар за кариера.

Со стручно-административна служба раководи директорот провост.

Универзитетскиот сенат донесува правилник за начинот на кој се вршат стручно-административните работи од заеднички интерес на единиците на Универзитетот.

**Евалуација и напредување на стручно-административната служба**
**Член 81**

Вработените во стручно-административната служба на Универзитетот имаат право на стручно усовршување и напредување во својата професија.

Напредувањето се врши врз основа на евалуација на работата на вработените, која се спроведува најмалку еднаш годишно во постапка уредена со посебен акт на Универзитетот.

**Престанок на работен однос на вработените во стручно-административната служба**
**Член 82**

На вработените во стручно-административната служба на Универзитетот може да им престане работниот однос:

- спогодбено, или
- во согласност со условите од договорот за работа и законските услови.

На лицата од став 1 на овој член работниот однос може да им биде предвреме прекинат доколку:

- евалуацијата за нивната работа не ги задоволува пропишаните критериуми,
- грубо ги прекршат правилата од работниот однос,
- грубо го прекршат Етичкиот кодекс или/и
- од друга причина се оцени дека лицата не се во состојба да ја извршуваат својата работа на задоволителен начин.

## АКАДЕМСКА ЗАЕДНИЦА И АВТОНОМИЈА

### Академска заедница

**Член 83**

Академската заедница на Универзитетот ја сочинуваат

1. лицата избрани во наставно-научни, научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот;
2. студентите.

Редовните професори остануваат членови на академската заедница и по пензионирањето.

Членовите на академската заедница се должни да се придржуваат до Етичкиот кодекс на Универзитетот.

**Академска автономија**

**Член 84**

Универзитетот ја врши својата дејност врз принципот на академска автономија.

Со автономијата на Универзитетот се гарантираат интелектуалната слобода на членовите на академската заедница и творечката природа на истражувачкиот и на образовниот процес.

Автономијата на Универзитетот вклучува академска слобода, автономија на управувањето со Универзитетот и неприкосновеност на автономијата.

Содржините и заштитата на автономијата на Универзитетот се остваруваат во согласност со закон, со овој Статут и со актите на Универзитетот.

**Академска слобода**

**Член 85**

Академската слобода опфаќа:

- слобода во изведување на наставата во согласност со општите и посебни акти на Универзитетот, спроведување научни истражувања и применувачка дејност;
- слобода на студентот во избор на студии;
- слобода на наставникот на проверка на знаењата на студентите во согласност со општите и посебни акти на Универзитето;
- подготвување и утврдување на студиската програма и содржините на одделните предмети, како и подготвување учебници и други учебни помагала, во согласност со меѓународните стандарди и во согласност со општите и посебни акти на Универзитетот;
- подготвување, усвојување и остварување на научноистражувачки програми и применувачка работа;
- слобода на изборот на методот на интерпретирање на наставните и на уметничките содржини;
- избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања;
- слобода на творештво, создавањестручни, научни и уметнички дела, во согласност со општите и посебни акти на Универзитетот.

**Автономија на управувањето**

**Член 86**

Автономијата во управувањето со Универзитетот се изразува во:

- планирање, остварување и развој на виокообразовната дејност;
- воспоставување и уредување на внатрешната организација;
- донесување општи акти;
- избор, именување и отповикување на органите во согласност со законот, одредбите на овој Статут и општите и поединечни акти на Универзитетот;
- одлучување за формите на соработка со други организации;
- здружување во соодветни организации и форуми во земјата и во странство;

- остварување на меѓународна соработка, склучувања договори и учество во меѓународни организации и асоцијации;
- управување и користење на имотот во согласност со намената за која е добиен;
- одлучување за други права утврдени со овој Статут.

**Финансиска автономија**

**Член 87**

Финансиската автономија на Универзитетот се изразува во:

- формирање фондови и основање други организации со користење на сопствени приходи, донации и од други извори на средства заради вршење високообразовна, научноистражувачка и применувачка дејност на Универзитетот;
- самостојно управување и располагање со предметите, паричните средства и другите материјални добра за вршење на научноистражувачка и применувачка дејност, а во согласност со финансискиот план на Универзитетот;
- самостојно располагање со средствата што ги стекнува Универзитетот како сопствени приходи од домашни и од странски правни и физички лица за вршење образовни услуги на прв, втор или трет циклус студии, од консултантски услуги, научни стручни услуги и производи, организирање научни и стручни собири, а во согласност со финансискиот план на Универзитетот;
- одлучување за потребата од вработување или ангажирање лица во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, избор на лица и дефинирање на условите за вработување и ангажман во согласност со законот.

**Неприкосновеност на автономијата**

**Член 88**

Автономијата на Универзитетот е неприкосновена и таа не може да се нарушува со:

- извршување високообразовна и друга дејност што ги загрозува правата на членовите на академската заедница насочени кон дискриминација на човекот и граѓанинот, врз основа на полот, расата, бојата на кожата, националната и етничката припадност, социјалното потекло, политичкото и верското убедување и припадност, имотната и општествената положба;
- политичко и религиозно организирање и дејствување, освен активностите што се остваруваат преку форуми на кои се разменуваат идеи и мислења.

### *1.1.27 Забрана за политичко и верско организирање*

**Член 89**

На Универзитетот и на единиците се забранува политичко и верско организирање и дејствување, како и истакнување партиски и верски обележја.

### *1.1.28 Спречување и заштита од дискриминација*

**Член 90**

Универзитетот во рамките на своите можности овозможува посебни обуки и промоции за подигнување на свеста за недескриминација меѓу вработените и студентите.

Универзитетот со посебен акт уредува избор, состав и начин на работење на посебна комисија, која одлучува за пријави и начин на постапување во случај на дискриминација.

### *1.1.29 Дејства во случај на повреда на автономијата*

**Член 91**

Деканите, односно директорите на единиците се должни да го известат ректорот на Универзитетот кога ќе констатираат дека во нивната средина се нарушени принципите на автономија.

Ректорот, во соработка со деканот, односно директорот, презема мерки за отстранување на причините што довеле до нарушување на принципите на автономија.

### *1.1.30 Неповредливост на просторот*

**Член 92**

Просторот на Универзитетот е неповредлив.

Просторот на Универзитетот ги опфаќа објектите и земјиштето во кои се остварува дејноста на Универзитетот, другите придружни објекти, како и просторот наменет за спортски, културни, уметнички, рекреативни и други активности на студентите и на вработените на Универзитетот.

Полицијата и другите државни органи на безбедност не може, без согласност на ректорот, а во негово отсуство – проректорот што го заменува, да влегуваат во просторот на Универзитетот, освен во случаите предвидени со закон.

Доколку просторот на Универзитетот се наруши спротивно на одредбите на законот и на овој Статут, ректорот свикува седница на Ректорската управа и ги известува Сенатот, Одборот на директори и надлежните државни органи.

### Решавање спорови

**Член 93**

Споровите што настануваат меѓу Универзитетот и друга високообразовна установа се решаваат со академска толеранција, спогодбено, по пат на посредување, арбитража и на друг начин на академско разбирање.

При решавање на споровите не може да се попречува редовното извршување на дејноста на Универзитетот и на единиците. Во спротивно, ректорот е должен да свика вонредна седница на Ректорската управа заради преземање соодветни мерки за спречување, односно за отстранување на последиците предизвикани од настанатата состојба.

## НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАСТАВНО-СТРУЧНИ, НАСТАВНИ, НАУЧНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА

**Член 94**

Само лице избрано со наставно-научно, наставно-стручно, наставно и насловно звање може да изведува настава на единиците на Универзитетот.

Високообразовна дејност на студии од прв, втор и трет циклус може да врши лице избрано во научно, односно соработничко звање во согласност со одредбите на Законот за научноистражувачката дејност, според еквивалентноста на звањата утврдени со Законот за високото образование.

По исклучок, на одредбите на ставовите 1 и 2 од овој член, настава може да изведуваат и лица избрани во соработнички звања под менторство на лица избрани во наставно-научно звање, наставно-стручно, наставно и научно звање.

Начинот и обемот на изведување настава на лицата избрани во соработничко звање се уредува подетално со статутот на единиците на универзитетот.

Лицата избрани во насловни звања може да учествуваат во вршење на високообразовна дејност најмногу до 30 % од редовните обврски на соодветното наставно-научно звање.

Начинот и обемот на изведување на настава на лицата избрани во насловно звање се уредува со посебен акт на Универзитетот.

**Член 95**

Наставник избран во наставно-научно или соработничко звање може да врши високообразовна дејност во друга високообразовна установа во звањето во кое е избран на иста или сродна наставно-научна област, исклучиво со согласност од Универзитетскиот сенат дадена по претходно мислење на наставно-научниот совет на единицата на универзитетот.

Лицата избрани во насловно звање на универзитетот не може да изведуваат настава на друг универзитет.

### *1.1.31 Наставно-научни, наставно-стручни, наставни и научни звања*

**Член 96**

На Универзитетот се врши избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни, научни и соработнички звања.

Наставно-научните звања се: доцент, вонреден професор и редовен професор.

Наставно-стручни звања се: лектор и виш лектор.

Наставни звања на висока школа се предавач, виш предавач и професор на висока школа.

Научни звања се: научен соработник, виш научен соработник и научен советник.

**Член 97**

Условите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и научни звања се определени во закон и со посебен акт на Универзитетот.

На Универзитетот може да се врши избор во наставно-научно звање по стручно-уметничките предмети во согласност со законските одредби.

На Универзитетот може да се врши избор и во научни и соработнички звања во согласност со Законот за научноистражувачката дејност.

Наставникот што е избран во наставно звање може без ограничување да врши настава од областа во која е избран и на другите единици во состав на Универзитетот.

### *1.1.32 Соработничко звање*

**Член 98**

Соработнички звања на факултетот и на високите стручни школи се: асистент, демонстратор, уметнички стручен соработник и стручен соработник, а на институт соработник истражувач.

Условите и постапката за избор во соработничко звање се определени со Законот за високото образование и со посебен акт на Универзитетот.

Соработниците може да се избираат и за работа на проекти за времето додека трае проектот.

Соработниците учествуваат во наставно-образовниот процес под менторство на предметниот наставник.

### *1.1.33 Демонстратори*

**Член 99**

За потребите на наставата се ангажираат студенти на втор или трет циклус студии како демонстратори и лаборанти, кои им помагаат на студенти на часовите предвидени за вежби.

Условите и начинот на избор на демонстратор се уредуваат со посебен акт на Универзитетот во согласност со законските прописи во областа на високото образование.

Демонстраторите учествуваат во организирањето на наставата во обем и на начин определен со студиските програми.

**Член 100**

Изборот во звање е предуслов за засновање работен однос на Универзитетот.

Изборот во звање не подразбира и задолжително вработување со полно работно време на Универзитетот.

Правата и обврските на наставникот се регулираат со посебен договор.

### 1.1.34 *Афирмираните научници, уметници и стручњаци од практиката*

**Член 101**

Афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката, по покана, може да изведуваат настава за одделни делови од наставен предмет.

Условите за стекнување статус на афирмиран научник, уметник и стручњак од практиката се уредуваат со законски и со подзаконски акти.

Исполнувањето на условите за стекнување на статусот на афирмиран научник, уметник и стручњак од практиката ги проверува наставно-научниот, односно наставничкиот, односно научниот совет.

Доколку се исполнети условите за стекнување на статусот на афирмиран научник, уметник и стручњак од практиката, наставно-научниот, односно наставничкиот, односно научниот совет донесува одлука за стекнување на статусот во која се определува:

- за кој циклус на студии е стекнат статусот;
- наставниот предмет;
- обемот на изведување на наставата по конкретниот наставен предмет;
- одговорното лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и научно звање под чие менторство изведува настава лицето што се стекнало со статусот.

### *1.1.35 Визитинг-професори*

**Член 102**

По покана од наставно-научниот совет на факултетот, односно наставничкиот совет на високата стручна школа, наставници од акредитирани високообразовни установи, признати научници и истакнати уметници од земјата и од странство може како гости, без распишување на конкурс, да извршуваат високообразовна и научноистражувачка, односно уметничка дејност за определено време.

Лицата од став 1 на овој член може да изведуваат високообразовна дејност на прв, втор и трет циклус студии, да бидат определени како ментори на кандидати за изработка на магистерска теза, докторска теза, да членуваат во комисии за одбрана и оцена на дипломски, магистерски, односно докторски труд.

Времетраењето на ангажманот на визитинг-професорите се уредува со одлука на наставно-научниот совет на факултетот, односно наставничкиот совет на високата стручна школа.

Условите под кои се врши дејноста од став 1 и став 2 од овој член се уредуваат со посебен договор.

### *1.1.36 Редовен професор во пензија*

**Член 103**

Редовен професор во пензија, по покана, може да изведува настава на прв, втор и трет циклус студии и да биде ментор на магистерски и на докторски студии во согласност со законските прописи.

### *1.1.37 Почесен професор и почесен доктор на науки*

**Член 104**

На истакнат професор од универзитет во Република Северна Македонија и во странство, кој дал особен придонес за развојот на високообразовната дејност, на предлог на единицата, Универзитетот може да му додели звање почесен професор (profesor honoris causa).

На истакнати научни, културни, деловни и други лица од земјата и од странство, кои со своите дела дале посебен придонес за развојот на научната мисла, културата, или на друг начин придонеле за развојот на високото образование, на предлог на единицата, Универзитетот може да им додели титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa).

Одлуката за доделување на звањето почесен професор и почесен доктор на науки ја донесува Универзитетскиот сенат на предлог на Ректорската управа.

Доделувањето на признанието звање почесен професор и почесен доктор го врши ректорот на Универзитетот.

### *1.1.38 Професор емеритус*

**Член 105**

Универзитетот може, на предлог на наставно-научниот совет на единицата на Универзитетот, да му додели звање професор емеритус на редовен професор во пензија,

кој особено се истакнал со својата научна работа, кој стекнал меѓународна репутација и постигнал резултати во обезбедувањето на наставно-научен и соработнички подмладок во област во која е избран.

Вкупниот број на професори емеритуси не може да биде повеќе од 5 % од вкупниот број на наставници на Универзитетот.

Професорот емеритус може да учествува во изведувањето на наставата на втор и трет циклус на студии, во областа во која е избран.

Одлуката за доделување на звањето професор емеритус ја донесува Универзитетскиот сенат, на предлог на Ректорската управа.

Доделувањето на признанието звање професор емеритус го врши ректорот на Универзитетот.

### *1.1.39 Платено и неплатено отсуство – (Сабатикал)*

**Член 106**

На лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, научно, наставно и соработничко звање на негово барање, на секои пет години, високообразовната установа може да му одобри платено отсуство во траење до една година, односно неплатено отсуство во траење до три години заради стручно усовршување, односно истражување во соодветната научна, односно уметничка област или за престој во соодветна институција, при што неговите обврски во наставата се прераспределуваат.

Условите, начинот и постапката за користење на можноста и правото од став 1 на овој член поблиску се уредуваат со интерен акт на Универзитетот.

### *1.1.40 Право на вршење на дејноста*

**Член 107**

Лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и насловно звање може да врши високообразовна дејност во друга единица на универзитет во звањето во кое е избрано на иста или сродна наставно-научна, односно уметничка област.

Лице избрано во наставно-научно звање, наставно-стручно, наставно и насловно звање може да врши високообразовна дејност на друг универзитет врз основа на согласност од страна на Универзитетскиот сенат, а по претходно мислење на наставно-научниот, односно наставничкиот совет на кој е избрано лицето.

Условите, начинот и постапката под кои лицето може да врши високообразовна дејност во друга единица на Универзитет во звањето во кое е избрано на иста или сродна наставно-научна, односно уметничка област, односно може да врши високообразовна дејност во единица на друг универзитет, односно самостојна висока стручна школа, се уредуваат со посебен интерен акт на Универзитетот."

### *1.1.41 Престанок на работен однос*

**Член 108**

На лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање работниот однос му престанува доколку не биде избрано во исто или повисоко звање.

На лице од став 1 на овој член работниот однос може да му престане:

- спогодбено, или
- во согласност со условите од договорот за работа и со законските услови.

На лицето од став 1 на овој член работниот однос може да му биде предвреме прекинат доколку:

- неговата евалуација не ги задоволува пропишаните критериуми;
- грубо ги прекрши правилата од работниот однос;
- грубо го прекрши Етичкиот кодекс или/и
- доколку од друга причина се оцени дека лицето не е во состојба да ја изведува наставата на задоволителен начин.

## АКАДЕМСКИ ЦЕРЕМОНИИ

### Член 109

Академските церемонии се специјални собири на членовите на академската заедница на Универзитетот. Тие може да бидат редовни и вонредни.

Академските церемонии се одвиваат со обележја на Универзитетот и со користење на академски наметки.

Редовни академски церемонии се церемонијата за прием на нови студенти и церемонијата за дипломирање.

Приемот на студентите од прва година е церемонија за време на која новите студенти даваат академска заклетва пред ректорот.

Церемонијата за дипломирање е церемонија на која се доделуваат дипломи на дипломираните студенти на Универзитетот.

Назначувањето на ректор (инаугурација) е вонредна церемонија за време на која новоназначениот ректор пред почетокот на неговата функција го презема мандатот.

### Член 110

Промоцијата на лицата што завршиле прв, втор или трет циклус студии на Универзитетот ја врши ректорот заедно со проректорите и деканите на факултетите.

Во отсуство на ректор, промоцијата од став 1 ја води проректор назначен од страна на ректорот.

## ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ – ВИДОВИ И РЕЖИМ НА СТУДИИ

**Видови студии**
**Член 111**

Високообразовната дејност на Универзитетот се остварува преку академски и стручни студии во согласност со законот, овој Статут и актите на Универзитетот.

***Студиски програми***

**Член 112**

Студиските програми од прв, втор и трет циклус ги усвојува Сенатот на Универзитетот на предлог на наставно-научниот совет, односно наставничкиот/научниот совет на единица на Универзитетот

**Член 113**

Студиите на Универзитетот се остваруваат врз основа на акредитирани студиски програми во согласност со законски и подзаконски акти и според правилата за студирање базирани врз европскиот систем за пренос и акумулација на поени (ECTS – European Credit Transfer System and Accumulution System) и меѓународниот систем.

**Член 114**

Студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии се изготвуваат според нормативи, стандарди и методологија во согласност со законските и подзаконските акти во Република Северна Македонија, Болоњската декларација и меѓународните стандарди.

**Член 115**

Универзитетот може со усвојување нови студиски програми да организира нови студии од прв, втор и трет циклус студии за нови профили на стручен кадар, под услови, начин и постапка утврдени со законски и со подзаконски акти.

**Член 116**

Универзитетот ги објавува студиските програми на својата интернет-страниц.

***1.1.42 Измена на студиски програми***

**Член 117**

Студентите имаат право да ги завршат започнатите студии според условите и студиската програма на која се запишале во рок определен со актите на Универзитетот.

Доколку по истекот на рокот за завршување на студиите од став 1 на овој член настане измена на студиската програма, студентот може да ги продолжи студиите по изменетата студиска програма ако е поповолна за него, а во согласност со општ акт на единицата, односно Универзитетот.

Доколку по истекот на рокот студиската програма згасне, студентот може стекнатите кредити за одредени предметни програми да ги пренесе на друга студиска

програма и да ги продолжи студиите во согласност со општ акт на единицата, односно Универзитетот.

### *1.1.43 Циклуси на високото образование*

**Член 118**

На Универзитетот се организираат студии во три циклуси, во согласност со законот, Болоњската декларација и американскиот образовен систем.

На Универзитетот се организирани прв и втор циклус на студии (специјалистички и магистерски), преку континуирано образование и студии за надградување, продлабочување или проширување на одделни знаења.

По завршување на студиите, лицето се стекнува со соодветна квалификација, во согласност со националната и со европската рамка на квалификации на високото образование.

**Член 119**

Прашањата поврзани со условите и критериумите за запишување, правилата за студирање и оценување на првиот, вториот и третиот циклус на студиски програми поблиску се уредуваат со општи и поединечни акти на Универзитетот.

**Прв циклус на студии**
**Член 120**

Првиот циклус на студии се остварува врз основа на студиските и предметните програми изработени според правилата на европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) и според американскиот кредит трансфер систем (АКТС).

Студиите од прв циклус се организираат како редовни и вонредни студии.

Универзитетот во рамките на техничките можности може да организира и студии на далечина (distance learning), во рамките на својата акредитација.

Првиот циклус на студии се остварува во согласност со законот, овој Статут и општите акти на Универзитетот.

Во рамките на првиот циклус Универзитетот може да организира и стручни студии од 60, 120 и 180 ЕКТС кредити, во согласност со закон.

**Член 121**

Првиот циклус на студии завршува со полагање на сите испити и/или изработка на дипломски труд во зависност од студиската програма.

**Втор циклус на студии**
**Член 122**

Универзитетот може да организира втор циклус стручни (специјалистички) и магистерски студии.

Вториот циклус на студии се остварува во согласност со законот, овој Статут и општите и поединечни акти на Универзитетот.

**Член 123**

Студентите од прв, втор и трет циклус на студии имаат право да ги завршат започнатите студии, според условите и студиската програма на која се запишале, а во рок определен во општите и поединечни акти на Универзитетот.

Доколку во периодот на студирање настане измена на студиската програма, студентот мора веднаш да биде информиран, при што може да одлучи да продолжи според новата програма или според програмата според која се запишал на студии.

Доколку по истекот на рокот од став 1 настане измена на студиската програма, студентот може да ги продолжи студиите по изменетата студиска програма, а во согласност со актите на единицата, односно Универзитетот.

Доколку по истекот на рокот од став 1 студиската програма згасне, студентот може стекнатите кредити за одредени предметни програми да ги пренесе на друга студиска програма и да ги продолжи студиите во согласност со актите на единицата, односно Универзитетот.

**Член 124**

Вториот циклус на студии завршува со полагање на сите испити и изработка и одбрана на завршен труд во согласност со студиската програма.

Завршниот труд е стручен/специјалистички или магистерски труд што се утврдува со тековната студиска програма.

**Трет циклус на студии**

**Член 125**

Третиот циклус на студии (докторски студии) се остварува во согласност со законот, овој Статут и општите и поединечни акти на Универзитетот.

**Член 126**

Третиот циклус студии завршува со успешно комплетирање на сите компоненти предвидени во докторската програма, вклучително и изработка и одбрана на завршен труд во согласност со студиската програма.

Завршниот труд е докторски труд што се утврдува со тековната студиска програма.

### *1.1.44 Достапност на високото образование на Универзитетот*

**Член 127**

Универзитетот обезбедува пристап до сите студиски програми под еднакви услови и селекција на кандидатите за упис, врз принципот на рамноправност на сите кандидати, без оглед на расата, бојата на кожа, полот, јазикот, верата, политичко или друго уверување, етничко, национално или социјално потекло, имот, раѓање, општествена положба, инвалидност, сексуална ориентација и возраст.

Во рамките на своите можности, Универзитетот ќе обезбеди соодветна инфраструктурна, техничка и процедурална поддршка.

### *1.1.45 Јазик на наставата*

**Член 128**

Наставата на единиците на Универзитетот се изведува на македонски јазик.

Наставата на Универзитетот може да се изведува и на јазиците на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија или на некој од светските јазици.

Кога наставата се изведува на јазиците на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија или на некој од светските јазици, согласно со ставот 2 на овој член, македонскиот јазик се изучува како посебен наставен предмет и наставата се изведува на македонски јазик најмалку за уште два наставни предмети од студиската програма.

На Универзитетот наставата за најмалку две студиски програми за прв циклус на академски студии и најмалку две студиски програми за втор циклус на академски и стручни студии задолжително се изведува и се полага на англиски јазик.

### *1.1.46 Права на странските државјани*

**Член 129**

Странските државјани може да се запишуваат на студии на Универзитетот.

Условите за прием и за студирање на странските државјани се утврдуваат со интерните акти на Универзитетот.

### *1.1.47 Вреднување на странско образование*

**Член 130**

Право за запишување на трите циклуси на универзитетски студии имаат и лица што завршиле соодветно претходно образование во странство.

Условите за упис, оцената за исполнување на условите за запишување, односно подобноста на стекнатото претходно образование во странство за продолжување на образованието се уредува со општ акт што го донесува Универзитетскиот сенат.

### Програми за стручно и професионално усовршување

**Член 131**

На Универзитетот и на неговите единици може да се организираат различни програми на стручно, односно професионално усовршување во рамките на концептот за доживотно учење во согласност со законот.

Овие програми се организираат заради усовршување, дополнување, продлабочување и осовременување на знаењето и не се сметаат за студии во согласност со законот.

Учесниците во формите за стручно, односно професионално усовршување немаат статус на студенти.

Програмите за стручно и професионално усовршување ги предлага наставно-научниот, наставниот, односно научниот совет на единицата, а ги усвојува Сенатот на Универзитетот.

Програмите за стручно и професионално усовршување може да се организираат континуирано (за подолг временски период) или по потреба.

Право да ги посетуваат овие програми имаат студенти, лица со завршен прв, втор или трет циклус на студии и лица со завршено средно образование, доколку е тоа утврдено со соодветната програма.

Учесниците плаќаат надомест за посетување на програмите за стручно, односно професионално усовршување. Висината на надоместот се утврдува со соодветната програма.

Со програмата може да се предвиди проверка на знаењата на лицата што ги посетувале овие програми. Начинот на оценување се утврдува со соодветната програма.

На лицата што ги посетувале овие програми Универзитетот им издава потврда, односно сертификат. Сертификатот го потпишува ректорот, односно деканот на единицата.

Поблиски одредби се утврдуваат со општ акт на Универзитетот, односно единиците.

Покрај програмите за стручно, односно професионално усовршување на Универзитетот и на неговите единици, може да се организираат и различни облици на неформално учење во согласност со законот.

**Посебни можности за студирање**

**Член 132**

Студент што има статус на врвен спортист или уметник може да студира според планот на студиите на вонредна студиска програма, под услови предвидени со општ акт на Универзитетот и на единицата.

На исклучително успешен студент може да му се одобри завршување на студиите во време поинтензивно од предвиденото траење на студиите, во согласност со општиот акт на Универзитетот.

**Услови и начин за запишување на студии**

**Член 133**

Условите, начинот на запишување на студиските програми, времетраењето на студиите, бројот на слободни места за запишување, постапката и роковите за пријавување и запишување, како и висината на школарината, се утврдуваат во конкурсот за запишување на студенти на Универзитетот во согласност со законот.

Конкурсот го усвојува Ректорската управа и го објавува јавно, на интернет-страницата на Универзитетот и на друг соодветен начин.

**Почеток и завршување на студиска година**

**Член 134**

Студиската програма почнува на 1 октомври, а завршува на 30 септември следната година.

Студиската година се дели на два семестри, пролетен и есенски.

По потреба, Универзитетот може да организира и летен семестар.

Со посебна одлука усвоена од Универзитетскиот сенат се утврдуваат начинот и условите за организација на летниот семестар.

Почетокот и времетраењето на наставата по семестри се определува со академскиот календар на Универзитетот.

**Начин на оценување**

**Член 135**

Проверката на знаењето на студентот, по наставни предмети, се врши континуирано во текот на наставно-образовниот процес и се изразува во поени и букви.

Оценувањето на прв и втор циклус се изразува во проценти и оценки во вид на букви од азбуката на латиница, и тоа: A, B, C, D, F.

Оценувањето на трет циклус студии се изразува во проценти и дихотомни оценки: „положил" и „не положил".

Начинот на оценување подетално се уредува со посебни акти на Универзитетот.

**Евиденција**

**Член 136**

Евиденцијата со лични податоци на студентите се води во согласност со Законот за високо образование, овој Статут и општите акти на Универзитетот.

На Универзитетот евиденција се води преку: матична книга на запишани студенти на прв циклус студии, матична книга на запишани студенти на втор циклус студии, матична книга на запишани студенти на трет циклус, главна книга на дипломирани студенти, главна книга на магистрирани студенти, главна книга на докторирани студенти, во регистерската канцеларија и лично досие на секој студент, на начин, форма и содржина во согласност со законските, подзаконските и општите акти на Универзитетот.

Евиденцијата се води во материјална и во електронска форма.

Универзитетот ги издава обрасците потребни за водење на евиденцијата и обрасците на кои се запишуваат податоците од евиденцијата.

Матичната книга на запишаните студенти и главната книга на дипломираните студенти се документи од трајна вредност.

Начинот на водење на евиденцијата, како и чувањето и пристапот до книгите и до досиејата на студентите, се уредуваат со општите акти на Универзитетот.

**Член 137**

Универзитетот издава јавни исправи на начин и под услови определи со законот, овој Статут и општите акти на Универзитетот.

***1.1.48 Издавање и одземање на уверение, диплома и додаток на диплома***

**Член 138**

На студентот што ги извршил сите обврски во согласност со тековната студиска програма за прв, втор или трет циклус на студии и кој ги исполнува условите во согласност со актите на Универзитетот, врз основа на евиденцијата што се води за него, му се издаваат уверение, додаток на диплома и диплома. Со дипломата се потврдува дека студентот завршил студиска програма од прв, втор или трет циклус и се стекнува со соодветен стручен или научен назив. Составен дел на дипломата е додатокот на дипломата.

**Член 139**

На студентот што завршил прв, втор или трет циклус студии може да му се одземе издадената диплома ако се утврди дека:

- не ги исполнува условите за добивање статус на студент,
- се стекнал со соодветно звање спротивно на условите за стекнување научно, односно стручно звање утврдени со законот, одредбите на овој Статут, општите и поединечни акти на Универзитетот или
- сторил кривично дело поврзано со стекнување на дипломата.

Условите и постапката за одземање на дипломата се уредуваат со посебен акт на Универзитетот.

## ЈАВНОСТ, ОТЧЕТНОСТ, ОДГОВОРНОСТ И ДОВЕРЛИВОСТ

### Јавност во работата на Универзитетот

**Член 140**

Универзитетот обезбедува јавност во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и апликативната дејност.

Јавноста од став 1 на овој член се остварува со ставање на увид на јавноста на годишниот извештај за резултатите од евалуацијата, со издавање на годишници на Универзитетот, учебници и наставни помагала, монографии, преку интернет-порталот на Универзитетот, преку изданијата на студентите и на друг соодветен начин.

Јавноста се обезбедува и во вршењето на применувачката дејност во рамките на обврските што ги презема Универзитетот со правни лица за кои се врши дејноста.

За обезбедување на јавноста се грижи ректорот на Универзитетот

Ректорот на Универзитетот, а во негово отсуство – проректорот овластен од ректорот или овластеното лице за односи со јавноста, даваат усни известувања или известувања преку средствата за јавно информирање за прашања што се однесуваат на работата на Универзитетот.

### Отчетност и одговорност

**Член 141**

Отчетноста и одговорноста на Универзитетот се изразуваат преку:

- поднесување годишен извештај за работата до Сенатот, наставно-научниот совет и Одборот на директори;
- воспоставување и функционирање на внатрешен систем за оцена на ефективноста и на квалитетот на остварувањето на дејностите на Универзитетот;
- самоевалуација на Универзитетот и на одделни единици во негов состав;
- информирање на надлежните органи и на пошироката јавност за релевантни прашања.

### *1.1.49 Чување доверливи податоци*

**Член 142**

Информациите и документите кои претставуваат деловна тајна на Универзитетот се класификуваат како строго доверливи, доверливи и интерни.

Во информации и документи од став 1 на овој член влегуваат информации и документи кои се заштитуваат од неовластен пристап или употреба.

Под ”документ” во смисла на овој статут се подразбира секој запис на информација без оглед на нејзината физичка форма или карактеристики, а кој е означен како доверлив документ со соодветно ниво на класификување.

Со посебен акт на Универзитетот се определуваат документите кои претставуваат деловна тајна, степенот на нивната доверливост, нивото на “безбедносен ризик”, активностите и мерките со кои се обезбедува заштитата на класификуваните информации од неовластен пристап и употреба, “безбедносниот сертификат” со кој се потврдува дека правното или физичкото лице има право на пристап и користење на класификувани информации, “безбедносна зона” која претставува простор или просторија во објектот во кои има или се чуваат класификувани информации од степенот “доверливо” или повисок степен и има потреба од соодветна физичка заштита, ”административната зона” која претставува простор или просторија во објектот во кој има или се чуваат класификувани информации од степенот “интерно” и има потреба од соодветна физичка заштита и друго. Класификацијата на информациите се врши според нивната содржина.

Степенот на доверливост на информацијата го определува овластено лице на Универзитетот.

Класификацијата на информацијата престанува:
- на датумот означен на документот;
- со случување на определен настан наведен во документот;
- со истекување на временскиот период означен на документот и
- со декласификација.

## ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

### Член 143

Издавачката дејност на Универзитетот се остварува преку издавање учебници, наставни помагала, монографии, студии, списанија, годишници, зборници, гласила и друга литература.

Издавачката дејност на Универзитетот се остварува во согласност со единствените основи за издавачка дејност утврдени во посебен општ акт што го донесува Сенатот на Универзитетот.

Се забранува издавање учебници и наставни помагала што поттикнуваат дискриминација врз одредена дискриминаторска основа.

### Член 144

Изданијата задолжително се рецензираат.

Рецензиите од став 1 на овој член се објавуваат во Билтенот на Универзитетот.

## ЕВАЛУАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

### Член 145

Евалуацијата на Универзитетот се спроведува како:
- самоевалуација;
- Надворешна евлауација.

Самоевалуација се спроведува за процена на квалитетот на вршење на високообразовната дејност, на управувањето, финансирањето, академските и други активности.

Содржината, формата и начинот на спроведување на самоевалуацијата ќе се спроведуваат во согласност со законсите прописи, но и според политики и процедури утврдени од страна на Универзитетот.

Надворешната евалуација и збирното оценување на квалитетот го вршат:

- органи за акредитација што издале решенија за акредитација на Универзитетот или единица во состав на Универзитетот,
- други органи и тела во согласност со законот.

**Член 146**

За спроведување на самоевалуација, Универзитетот формира комисија за самоевалуација.

Членовите на комисијата ги избира Сенатот на Универзитетот.

Со актот за формирање на комисијата за самоевалуација, се уредуваат начинот и постапката за нејзино спроведување во согласност со законските и со подзаконските акти.

Комисијата за самоевалуација врз основа на спроведените анкети и истражувања изготвува годишен извештај за резултатите од евалуацијата со оцена на состојбата и со предлози за надминување на констатираните негативни појави во остварувањето на дејноста на Универзитетот.

Комисијата за самоевалуација го доставува извештајот до ректорот, Сенатот, наставно-научните совети, директорот провост и до Одборот на директори на Универзитетот.

## ДИСЦИПЛИНСКИ ПРАВИЛА

**Член 147**

За повреда на должностите и за неисполнување на обврските, за непочитување на Етичкиот кодекс или за однесување спротивно на нормите на член на академската заедница, за користење опијати и алкохол со кои се нарушува академската средина, на академскиот и на административниот кадар, како и на студентот, може да се изрече дисциплинска мерка, вклучително, но без ограничување на опомена, јавна опомена и исклучување, согласно Правилникот за дисциплинска одговорност.

**Член 148**

Дисциплинските мерки ги изрекува комисија за дисциплински мерки на единицата на универзитетот.

Составот на дисциплинската комисија, начинот и постапката на утврдување на дисциплинска одговорност, мерките и условите под кои дисциплинската мерка се изрекува и правото на заштита на студентот се утврдуваат со Правилник за дисциплинска одговорност.

## ПРЕСТАНОК НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Услови за престанок**

**Член 149**

Универзитетот престанува да работи доколку:

- престане да ги исполнува условите за основање универзитет;

- се донесе решение за одземање на правото за вршење на високообразовна дејност од надлежните органи;
- Одборот на директори утврдил дека престанала потребата од Универзитетот;
- настанат статусни промени (спојување, поделба или припојување);
- биде отворена стечајна постапка.

Одлука за престанок на Универзитетот донесува основачот преку Одборот на директори.

**Одговорност за обврските**
**Член 150**

Во случај на престанок со работа на Универзитетот, тој ги покрива обврските со средствата со кои располага.

Универзитетот има обврска да ги покрие трошоците на студентите за да преминат на друга високообразовна установа во Република Северна Македонија.

**Остаток на средства**
**Член 151**

Во случај кога Универзитетот престанува со работа, имотот, средствата и приходите што остануваат по исполнување на обврските му припаѓаат на основачот.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 152**

Овој Статут влегува во сила по објавувањето во јавното гласило на Универзитетот, а ќе се објави по добивање на согласност од основачот, по претходно мислење од Владата на Република Северна Македонија.

**Член 153**

Со влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот усвоен на 19.03.2012 година.

Во Скопје,
Бр.

**Универзитет Американ Колеџ Скопје**
**Универзитетски сенат**
**Претседател**
**вон. проф. д-р Ана Томовска-Мисоска**

Приватна високообразовна установа Универзитет Американ Колеџ Скопје Република Македонија 3 Скопје